АНГЕЛИНА МАРКУС

МАКЕДОНСКИТЕ
ДРЕВНИ ТЕАТРИ









ЕДИЦИЈА
КЛЕА





ISBN 9989-2461-0-6





АНГЕЛИНА МАРКУС

# МАКЕДОНСКИТЕ ДРЕВНИ ТЕАТРИ

АНГЕЛИНА МАРКУС

# МАКЕДОНСКИТЕ ДРЕВНИ ТЕАТРИ

Скопје, Македонија, 2005



ЕДИЦИЈА
КЛЕА

Спонзор на книгата:

Д-р Жан Митрев

*Издавач:*
Ангелина Маркус

*Фотографија и корица:*
Ристо Поповски

*Препрочитал:*

Кокан Стојчев - новинар

*Дактилограф:*

*Зорица Кметовска*

*Компјутерска обработка*
*и подготовка за печат:*

"МАКФОРМ" - Скопје

*Печат:*

"Инвест трејд" - Скопје

CIP - Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека
"Св Климент Охридски" - Скопје

792(3)

МАРКУС, Ангелина
Македонските древни театри / Ангелина Маркус, - Скопје : Маркус А., 2005. - 108 стр. : илустр. во боја ; 20 см. - (Едиција КЛЕА)

Прилог кон демеморирањето / Спасе Шуплиновски: стр. 89-99. - Белешка за авторот: стр. 103. - Библиографија: стр. 102

ISBN 9989-2461-0-6

а) Антички театар б) Театар - Македонија, античка
COBISS.MK-ID 61866762

АНГЕЛИНА МАРКУС

# МАКЕДОНСКИТЕ ДРЕВНИ ТЕАТРИ

Скопје, 2005

Театарот - тоа е возбуда, светлина, магија што ја зграпчува свеста и долго ни држи по секоја претстава. Се доживува и преживува виденото на сцената. Се потиснуваат сите ситни нешта со некоја светлина и убавина. Не галат пријатни чувства во душата. Празник на макотрпната работа со режијата. Сопругот Саша Маркус пред секоја премиера ја прикриваше возбудата, го скротуваше „ѕверот во себе" - како што велеше Аристотел. Јас се преправав како ништо да не знам цели 32 години на театарот во домот, а ги знаев сите реплики од претставите на Чехов, Брехт, Голдони - што ги подготвуваше. По секоја претстава молчев а Саша ги демнеше моите реакции, зависеше од моето мислење, јас го криев тоа, го чував длабоко во себе. Најубавиот дел од мојот живот го поминав со театарот, со туѓите инспирации, музите, суеверијата и суетата на глумците, божествата и текстовите на драмите измешани со драмите на живеењe.Тоа сеуште ме преокупира.

Покрај мене растеа децата, внуците, генерациите. Го живеев нивниот живот на растојание. Еден ден ја загледав ќерката на мојата прва ќерка, Јана, израснала во некоја нестварна убавина, како да излегува од некоја сцена. Се сетив на приказната на добрата девојка: „Кога зборува бисери и ружи сипува од устата". Еве ја убавината на музите, статуите на Тиха и Афродита од Стибера, умот на Аристотела, чувствата на поетите си собрале во еден ген од древноста.

Многу пропуштив од животот, од убавините. Затоа сакам да го надополнам во книгите за театарот. Го зедов во рака клучот да ги отворам запоставените врати на македонски древни вредности.

Ги пренесувам македонските пораки на генерациите: свртете се кон македонските древни театри како кон комплетното македонско живеење.

Сумирајќи ги податоците од прапочетокот на драмите и трагедијата се соочив со култот на Дионис и Мистериите, со дитирамбот како оди на богот на виното низ Македонија. Патиштата, населбите, градовите ечеле од поворките на јарците - сирени, сатири, музи, народ... За тоа ни дава податоци Аристотел во „Поетика“.

Од дитирамбот и хорските песни се премина кон драмските поеми, дијалог, па репертоар со религиозна и херојска содржина, како во делата на Есхил, Софокле, Еврипид, Аристофан... Потоа се разви сцена за артистите и оркестарот, за хорот и корифејот (ороводецот), театар со концентрични полукружни скали за седење под отворено небо. Дефилирале учесници во претставите во костими, со маски и разни реквизити пред олтарот на Дионис во центарот на сцената. Тоа го следела публика од цареви, фаланга и народ, тие истите што ги граделе театрите како и многуте олтари со содржина од животот на македонците во храмовите и театрите. Во Ефес театарот со бирал 40 000 луѓе и сите други ја имале истата големина.

Древните македонски театри носат во себе нешто заедничко, слично и препознатливо и функционално, по изглед, звучност, мермерна цврстина и богато украсување со статуи, мозаици, столбови и разни симболи карактеристични само за Македонија и просторите под влијание на македонската култура.

*Авторот*

# ПОЧЕТОК НА ДРЕВНИ ИГРИ И ПРОСЛАВИ

## *Музиӣе од Олимӣ, од Македонија*

Во македонската земја, во македонската држава, кај македонскиот народ од древнина, се појавиле сите духовни вредности кои го одликуваат Македонецот. Со едно синтетизирано сознание ги согледуваме длабоките врски и поврзаност на едно творештво, реализирано во македонските древни театри. Музите од Македонија ги опсипале со дарба за песни и ора, за прослави на свадби, годишнини, победи, натпревари, и боговите и луѓето. Музите ги веселеле боговите и ги учеле луѓето на заеднички игри и песни во сезонските поворки на Дионис на патот до театрите, до комедиите и драмите, со содржина од животот на Македонците. Овој пат обврзани сме да покажеме внимание прво за Музите и нивните активности. Тие женски суштества со раскошна убавина, играле оро околу извори по ливадите и шумите. Како такви си го нашле местото и во македонските народни приказни. И за македонските девојки се вели: „разиграни на оро како вили, самовили, толку убави“.



*Сиӣе Музи. Коӣии од ориӣинал, IV век ӣр. н е. - Ваӣикан и Париз.*

Вилите, самовилите, музите слегле од Олимп, слегле со боси нозе по тревата росна в зори и заиграле оро со долги коси развеани на ветрот. Музите управуваат со поезијата и уметностите и ги инспирираат луѓето за творештво. Затоа од Хомер наваму, сите **поети** ги повикуваат на припомош, Музите да ги обдарат со леснотија во создавање на уметничкото дело. Со архитектурата е поинаку. Архитектите немаат своја муза. Тие работат со практична вештина. Музите се непредвидливи во љубомората. Го ослепуваат секој пеач што ќе ги натпее. Ги рушат градбите на архитектите. За секој турнат мост Крале Марко се збратимуваше со Музите, барајќи благослов за градителите. За разлика од поемите, игрите, песните и театрите, ниедна древна зграда нема издржано разрушување.

Сите девет музи ги роди Мнемопсиха (помнеење) од како Зевс девет пати прележал во нејзината постела. Нивното македонско потекло се врзува и со Аполон и со Дионис. Се движеле од Олимп насекаде низ Македонија. Го придружувале Аполон на ридот Парнас, каде што Одисеј доаѓал на гости кај дедо си. Можеби затоа Одисеј го штителе и боговите во Тројанската војна. Во Делфи, Музите се славеле како Аполонови божества. На Хелиоан им е подигнат храм со нивни ликови и уметници, што се натпреварувале во музика, поезија и атлетика. Музите често играат и пеат на гозбите на Боговите. Биле на свадба на Кадмо во Теба и Пелеј во **Фтија**. Играле во придружбата на Дионис. Најдени се плочи во театрите низ Македонија со релејфи на музи во игра пред Дионис и друга со **Силен** и убави жени, способни со голема дарба, сите се дружеле со уметниците. Измисленото во уметноста го претставувале како **вистинито**.

Им било познато и минатото и иднината за да ги преминуваат временските бариери помагајќи им на надарените да создаваат вечни дела.

Секоја муза има свој делокруг иако се секогаш заедно. Кога се знае дека играле на свадбите на Кадмо со Хармонија, тоа било пред да се роди Семела, нивната ќерка и пред да се роди Дионис нивниот внук. Постари се и од Ахил. Биле со подарок на свадбата на неговите родители Пелеј и Тетида и таму играле и пееле, се веселеле. Кога Филип II го изградил Гимназионот во Миеза, каде што се школувала македонската интелигенција, патеките биле украсени со статуи од Музите. Во сите музеи во македонските Александрии стоеле статуи на Музите за да делуваат на разни начини врз Македонскиот човек, за да ја сипат дарбата низ сите генерации. Во Стибера, во близина на моето родно село Тополчани, откопани се 28 женски статуи во храмот на Тиха, на Асклепио, Гимназиумот. Сите тие Музи, **богинки**, лекарки и статуи на обични граѓанки и царици како да зборуваат дека Стибера е Стагира, уште повеќе кога постои плоча со натпис „Стагирион" родното место на Аристотел.

Музи помогнете ни правилно да мислиме за нашето македонско осознавање. Вашето делување е разновидно.

**Калиопа** е Муза на епската поезија низ која се опеваат хероите. Претставена е како му дава та-



*Музата Калиопа*

блички на Хомер да ги опише своите епопеи во Илијадата и Одисејата.

**Клеа** го помага пишувањето на историјата. На Кадмо, основачот на Теба, му подава прибор за пишување. Кадмо, во потрага на Европа го донел феникиското писмо од Крит на нашите простори. Веројатно тоа е венетското писмо. Клеа ја поддржува древната традиција на школување на македонскиот народ со разни видови школи: филозофски, медицински, воени, ораторски, школи за фрески, мозаици, дрворези, накит. За сите тие школи постојат потврди од древнина. Музите кога му биле сватови на Кадмо го продолжиле своето пријателство и го прошириле потоа движејќи се меѓу народот и обдарувајќи го со прослави низ разни свечености и мистерии.



*Музата Клеа*



*Музата Евтерпа*

**Евтерпа** е Муза на лирските песни, ја инспирира Сафо да ги искаже најинтимните чувства доживеани како љубов. Евтерпа е претставена со кавал или лира во раце како симбол дека песната е и музика. Тоа што зборот го иска-

жува, лирата со мелодичност го придружува. Така е и кај Аполон и кај Орфеј и кај Дионис и кај Македонците до денеска.

**Ерата** како Муза на еросот стои зад свадбите, ги штити младенците, бракот кој со љубов продолжува низ поколенијата. На бракот, во секоја македонска фамилија, се гледа со светост уште од времето на силното влијание на Музите.



*Музаᴛа Ераᴛа*

**Терпеихора**, како Муза на образованието се посветува на воспитувањето на младите. Нејзината статуа се поставувала во училниците, за да ги потсетува децата на благородноста и оплеменување на душата низ науките. За да се оформи еден образовен човек, кој корисно ќе го помине животот во фамилијата и општеството, потребни се повеќе од дваесет години во растење, школување и резултати од работата во било која професија. Од чирак до мајстор на сите им треба Муза, за да не биде умет-



*Музаᴛа Терᴨеихора*

никот обичен работник или занаетчијата инспиративен уметник. Музите знаеле дека најскапата инвестиција е образованието и времето, затоа помагале, надарувале во школувањето.

**Полимнија** е Муза на песните и геометријата. Им помага на филозофите за дисциплинирање на духот со математичка точност на мислење и геометриска метода, зацртани закони, за сфаќање на светот. Дефинирање со збор на точност и вистинитост. Многу филозофи под влијание на Полимнија на филозофијата и дале форма на песна за полесно воспремање на мислата во ритмика. Така се пишувани и одите за царевите. Така пишува и Хомер. Во ист ритам се играле и频 ората македонски од древнина. Делувањето на Музите се испреплетува во сите области кога ја делат дарбата.

**Уранија** е Муза на астрономијата и астрологијата, ги предвидува среќните настани над Македонија и ги претскажува збиднувањата според ѕвездите, зацртани судбини на луѓето во космосот.



*Музата Евтерпа*



*Музата Евтерпа*

Уранија е претставена со земјината топка во раце и шестар. Ја покажува врската на Космосот, земјата и луѓето. Уранија вмешала прсти и благослов и во Кокино, најстарата македонска астрономија од неолитот, рангирана како трета во светот, не знам зошто не прва, кога се знаат резултатите на Македонците од Александрија, Пергам, Вавилон... Недалеку од опсерваторијата се наоѓа таканаречениот Цоцов камен, најстарото светилиште со белези на театарски прослави каде што има скршени садови од ритуалите од Дионисиските прослави а има и остатоци од сцената.

Птоломеј и Еритостен ги довршиле идеите на филозофите од Милет и Сам на Телас и Питагора и тоа е најважно, подоцна создале свои точни опсервации за појавата и



*Цоцов камен*

исчезнувањето на небеските тела, како и помрачувањата на небото. Селеукидските македонски астрономи имале на располагање листи за затемнување за околу илјада години наназад и сепак тие ревидирале неточности и правеле свои текстови со попрецизни претскажувања. Уранија како си уште да го контролира небото над Македонија, полно со космички феномени. На врвот на опсерваторијата стојат трагите од жртвеник, светилиште за изведување духовни ритуали во чест на богот на виновата лоза втисната на карпа до искршената керамика пред статуата на богот. Траги на првите претстави пред појавата на театрите.

За нас и за нашата тема најголемо значење имаат двете Музи на театрите претставени со маски во раце. Тоа се:

**Талија**, Муза на комедијата. Талија со комичната маска в раце ја симболизира шегата, смеата, комичните збиднувања на богот на виното Дионис, наесен, на гроздобер кога го весели народот со масовни славења, движејќи се од полињата на плодородието до театрите на заедничка трпеза, гозба, весели песни и ора. Остаток од таа трпеза е трпезата на апостолите, на тајната вечера, свадбите, славите и манастирската трпеза на славење до денес со вино и погача. Духот и традицијата на веселење кај Македонците трае. Музата Талија за нас има пошироко значење отколку што и се припишува само како театарска ко-



*Музата Талија*

мика. Маската значи лице, карактер. Лицето на народот се олицетворува во стварноста и на сцената покриена со маски. Маскирање на доживеаното со една нова уметничка димензија подигната на едно повисоко сценско, реатарско ниво.



*Музата Мелпомена*

**Мелпомена** - Муза на трагедијата.

И двете Музи ги заштитуваат театрите и глумците. Талија со маската што ја носат глумците комичари ги инспирира поетите на комедии кои учествувале во Дионисиските походи и театарските претстави. Мелпомена со трагичната маска в раце пее тажни песни и помага во пишување и реализација на драмите со трагични содржини.

Не е познато зошто театрите се понаклонети и почесто ја спомнуваат Талија наместо Мелпомена. Мелпомена ја држи трагичната маска пред сите драми од Еврипид до Шекспир, со теми од македонскиот живот. Мелпомена, жена муза, стои зад сите драми кој ги создал Еврипид со женски именувања: Бахки, Алкестида, Електра, Медеја, Тројанки, Елена, Ифигенија, Феничанки, Прибегалки и многу други. Сите драми се со македонски теми, како што е драмата Архелај пишувана во Пела за истоимениот цар на Македонците од крајот на V век пр. Хр. Како што Филип II и Аристотел кои беа врсници и соработници, така Архелај и Еврипид, заедно

работеа на успонот на македонската држава, уметност и наука. Нормално, во такви околности, Музите го надополнуваат македонското инспиративно творештво, го насочуваат.

Си е реализирано во Македонските царски театри под заштита на Музите кои заедно со народот во веселбите пееа, играа, свиреа со лирите на Аполон, Орфеј и Дионис низ македонската земја, татковина на сите славни луѓе, на Музите и народот македонски.

Музите кои управуваа со поезијата, уметноста и со историјата, астрономијата, геометријата, свадбите, учењето и театрите ги поставиле најстарите основи за прослави. Тие се протегаат до денешни дни со мали измени и дополнувања. Сите игри и прослави се делат на пролетни и на есенски. Можеби таа поделба тргнала со поделба на правата, со светилиштето во Делфи меѓу Аполон и Дионис. Во зимскиот период Аполон престојувал на север кај Хипрборејците, а Дионис со разновидна придружба тргнувал во будење на природата на пролет и на есен, за берба и жетва, во обнова на плодородието, како режење на лозата и нејзиното брзо растење и зреење на плодовите, грозјето.

### *Ксантика - култно празнување*

Така настанал и древномакедонскиот празник Ксантика, како празник на пролетта, кој почнува на први март и трае цел месец или цела година. Се затоплува времето, почнува расцутувањето, поголема светлина во душите на народот, кој се кити со црвенобелите мартинки и се собира по ледините, плоштадите, светилиштата и театрите. Се веселат пеат и пијат одлежано ланско вино. Се китат куќите,

домашните животни, алатите за подобар бериќет, за среќа, за радост на сите. Ксантика е пролетно име на убавина и плетено венче од полски цветови. Има река Ксантика, има град со тоа име, има цар и херој, има записи во древната литература како Филип V таткото на Персеј го организирал празникот Ксантика по театрите во Македонија, како духовно чистилиште на фалангата во полна воена опрема пред почетокот на пролетните војувања.

Војската, заедно со народот и царското семејство, се веселеле со древни свирки и ора. Блескале од убавина, од симболи и бои, белоцрвени преплети и разни украси и амајлии што штитат цела година. Тие древни претстави оставиле корени во масовните прослави на празник во селото, празник на светец, карневали во пролет, празник на постови, причест, како и сегашните прослави на Бадник, на Василица, Водици, Цветници, од Ѓурѓовден до Митровден. Сите тие празници



*Сцена од претстава од прославата на Ксантика во „Скупи“*

во Македонија го задржале карактерот на китење, дотерување, пеење, играње, трпеза за сите како во древна Ксантика, само наместо во театрите собирите се во црквите и во средсело. Вино за причест и свеќи за здравје, средби, видување, поздрави и бендисување на моми стасани за веридба. Во сите тие масовни собири на македонскиот народ се одржува и театарскиот карактер во изменета декорација и гардероба со иста намена. Таа е присутен празникон над сите празници Ксантика носен во срцата на сите Македонци. Македонските празници и свадби се слават три дена до една недела како што се славело од древнина. Така е за Велигден и Божик, како и за Ксантика, сите фамилијарно се движат на поклонение, водени од една внатрешна сила да преовладее љубовта, радоста и среќата за доброто на сите. И Прочка е тука, единствен празник, што други народи не го знаат. Сите тие празнувања носат во себе висока етичка порака на народна уметност, а тоа значи ведро и подготвено кон си што животот ќе ни донесе во иднина. Тоа е театарска порака, шарено вткаена во секое духовно создание од македонскиот народ.

### *Неолитки со древно украсување*

Ги видовме Музите, ги видовме празниците во функција на театарот. Да ги видиме жените Бахатки, Мајки, Македонки. Ако театарот е култно место, празник за душата, јавно место за доживување на човечките доблести, тогаш куќата е такво место за секоја жена. Жената од предисторијата немала Музи ни богови. Тие се со понов датум на појавување, затоа жената сама си била и Муза и Бог во куќата. Водена од инстиктот пред раѓањето го задржала во на-

следна меморија сето удобство, топлина и храна од утробите и се впуштила во природата да бара некое слично место во пештерите, во наколни живеалишта над реките, да копа во земјата или во снегот. Изложена на опасност и несигурност се сетила да направи куќа како себе, куќа како жена. Слична на женска утроба, куќата на Големата Мајка од Неолитот во Македонија. Огниште, отворот за сонце, садови, грнци, украси, првата Македонка имала си што и треба и на денешната Македонка. Имала земја, вода, сонце и оган. Сите предмети ги правела сама вклучувајќи ја куќата и обликувањето на женската статуа. Каков ритуал, каква претстава, каква мисла да направи грне во облик на женски гради и други антропоморфни садови. Кога мажите од Ма-



*Неолитските дами од Македонија*

кедонија оделе од дома, знаеме какви биле воини и ловци и колку долго можеле да бидат отсутни, жената не се досадувала туку се препуштала на својата инвентивност. Требало да се соберат класјето и други семиња, корења, да се нахранат децата, да се наредат и да гледаат како се прават грнци, и како се печат на 1000 степени целзиусови за да добијат цврстина, да пропатуваат 5-7 илјади години и да стигнат до нас. Каква возбуда од сознанијата за нашите женски претци. Денешната жена не може да се справи ни со 100 степени целзиусови во кујната. Неолитката се справила и со сто пати потешки работи. Сцената на нејзината кујна е бараната утроба на мајката. Во Музејот на Македонија се изложија 95 фигури на „Неолитските дами од Македонија", стари и до 5800 години пр. хр. Какво богатство и каква разновидност. Секоја фигура од теракота носи накит на ушите, на вратот, на рацете. Обетките, прстените, белегзиите или герданите такви се што секоја жена би посакала да ги поноси. А што е со фризурите во плетенки свиткани. Најголемото изненадување е втиснатата женска рака што ја мазни глината. Непобитен доказ дека уметникот е самата жена. Раката, нејзин потпис со нејзиното дело. Само жена може да покаже суптилен начин на украсување, мода, облекување или знаци на бременост, женственост и боженственост. Таа Неолитката, сама на себе си била Муза и правела претстави на живеењето за себе и за сите други. Театарот им бил дома. Целиот народ учествувал во строго определениот земјоделски календар, кога не смее да се пропушти собирањето на храната. До наредната година таква храна ќе нема. Или огнот може да изгасне. На мајката биле познати тие драми од животот. Тука се вистинските корени на театрите во Маке-

донија. Од неолитот потекнуваат сите емоции, сите содржини и теми развивајќи се во драми, изведувани во големите мермерни театри низ Македонија.

### *Дионис - богот на виното и театарот*

Не смееме ништо да пропуштиме за Богот на Театарот, за Дионос од Македонија. Тој патувал по патиштата со виновата лоза и богата придружба. Славел со народи по сите места до којшто патувала фалангата со Александар и потоа. Апостолите со Библијата и денешните интелектуалци по сите континенти по работа, трошејќи ја наследената дарба.

Во сите тие патувања се оставала Македонска уметност од древните времиња на живеење. Музите, Дионис, Македонците ги запознавале луѓето со своето творештво, им оставиле ритам на кавали и тапани, везови, мозаици, фрески и религии. Театрите во Блискиот Исток најдобро се сочувани како центри за показ на духовната сила од Македонија што прв ја ширел и ја пренесувал Дионис.



*Дионис*
*на сребрена монета*



*Дионис придржуван од сатир по едно од безбројните празнувања и пирувања*

Дионис бил близок со луѓето, со народот, со жените од Македонија како и менадите, сатирите, бахките. Тоа биле неговата придружба, како што Музите го придружувале Аполона по култните Аполонови светилишта. Има разновиден лик и карактер уште од раѓање. Два пати се роди. Семела, мајка му, смртна жена, изгоре од сјајот и огнот на Зевс во палатата на Кадмо во Теба. Во Кадмеј Филип II остави гарнизон. Зевс го спаси нероденион син, го соши во бутот од каде што повторно се роди како прво воскреснување. Затоа е посветен на природата која го дава виното и полските плодови. Тие секоја година се обновуваат. Силен го воспитувал и советувал. На островот Накс се венчал со Аријадна чија невестинска круна е сместена меѓу ѕвездите. Во долгите зимски денови во Делфи престојувал во тој култ што го делел со Аполон. Потоа до пролетта патувал на Парнас кај Тијадите, 16 жени што го обожувале и заедно пиеле вино паѓајќи во транс. Тие биле неговите свештеници од Парнас. Дионис имал со нив ноќно женско пирување. Потоа ги собирал жените од Македонија и Тракија и на островот Самотраки почнувале заносните мистерии на Бахат-



*Дионис патува со брод*



*Бронзен кратер на кој е прикажано дружењето на Дионис и Аријадна*



*Детал од горниот кратер на кој се гледа јазолот од винова лоза*



*„Херакловиот“ - македонскиот јазол*

ките, кои го бркале еленот низ шумите како жртва и поистоветување со Богот. Во сите походи ги придобивал Македонците кои го обожувале и него и виното.

Богот одел и се враќал од Карија и Индија во триумфална поворка и слава. Тој збор се употребувал прво за Дионис, а потоа, триумф се однесувал на победи и слава на царот кога се враќал од воени походи. На враќање еднаш ги заробиле Тиренски пирати. Мислеле дека е млад принц за кого ќе добијат богат откуп. Дионис ги преплашил пиратите кога се претворил во лав, а бродот го прекрил со израсната винова лоза. Пиратите скокнале во морето и се претвориле во делфини што ги следеле бродовите. Има статуа на Артемида како јава на делфин.

На пролет, кога Дионис доаѓал со веселата придружба ги носел сите благодети на светот со цутењето, кога се слави македонскиот празник Ксантика и Цветници. Во Дионисиските храмови се благословувало виното и почнувало натпивање, мерено со големината на грнето или мешината. Пехари, садови, чаши, врчви со милениуми опстануваат во Македонија и служат за прослави. Тие се глинени, бакарни, сребрени, златни, стаклени, со нив се исполнети музеите по светот.

Во врска со Дионис поврзано е сеќавањето за умрените. Посветените на Дионисиските мистерии, прават чорба од семиња и одлеваат вино, задушница, раздавање за умрените на нивниот ден во месецот Даисија, во јуни на Дуовден, кога масовно и денеска ги посетуваме гробиштата. Се потсетуваме на Дионис прв кој што два пати се родил и пак умрел.

Има една мермерна плоча од Бучин од неоткопаниот линкестидски град - Алкомена. Од тоа место Аминта, македонскиот цар, татко на Филип II се оженил со Евридика. На плочата има писмо што различно се толкува. Те дека тоа е документ од царскиот римски период пишуван со грчко писмо, те дека Деисија бил римски празник, те дека е од предримски период, можеби од Филип V и т.н. На плочата од Алкомена јасно се чита дека Дуле на Никола му дал писмо со наредба да го подготви празникот Даисија за базеллилус Филип. Го прочитав еднаш, десет и повеќе пати. Прво што ми падна на памет беше дека тој ден е Задушница и дека сум го слушнала и во црковното пеење. Интиутивно сфатив ако царот дал наредба за посета на тоа место, во тој ден, тоа значи дека тука има царски гробишта на Линкестидите. Можеби Филип II сакал да ги посети гробиштата на царската фамилија или на мајка му Евридика. Ископините ќе ја ра-

скажат вистинската приказна со сета драматичност за која знаеме така како што произволно ни кажуваат. Во секој случај, си што е поврзано со Дионис претставува тема за трагедија или комедија. Песните, дитирамбот составени во негова чест ни го претставуваат Богот со најразлични постапки како страшен, смешен, гневен, превртлив и динамичен, како самата природа или самиот тој како глумец, како автор на идеи или творец на драмите и изведбите во насока на создавање на театар. Прва сцена му биле патиштата, населбите, храмовите и секаде каде што има народ да учествува и да гледа. Сцена за игрите на Дионис била целата земја, додека не се изградиле македонските царски театри, на чија сцена статутата на Дионис заземала почесно место. Култот на Аполон и Музите со песна, култот празници и мистерии, култот кон Дионисиските игри го возвиши македонскиот народ до култ на театарски игри, сето тоа заедно се случувало во древна Македонија, прататковина на си друго што ќе следи и има било каков допир со театарот.

### *Македонски драмски патешествија*

Македонците патувале, војувале и ја ширеле својата култура по светот. Патувале Аргонаутите со Јасон по златното руно во Колхида. На тој брод биле како посада сите македонски божества, херои и кралеви. Секој ден од тоа патешествие е напишана или ненапишана драма. Беломорието, Хелеспонт и Јадранското Море се морските простори со островите како неисцрпно богатство, со теми и настани за стотина драми од тој древен период што неколку милениуми ги обиколуваат сцените по светот со една црна дупка за

Македонија. Никој не се запрашал зошто Јасон го придружувале Херакло, Орфеј, Аполон, Кастор и Полидевк, зошто Артемида ја заменила Медеја и зошто во сите тие драми постапно од Божествата се преминува кон историските македонски проблеми, како настанале драмите од Илион, сончевиот град, или Еге и Пела до Александрија. Архелај, Филип II, Александар, Клеопатра тие се вистинските драмски личности кои ги граделе и се движеле низ македонските театри по светот. Пред нив некои илјада години, пак, Македонците ја воделе Тројанската војна. Девет пати градот затрупуван, девет погроми, рушења и палења не ги збришале трагите на Македонците каде што патувале, војувале и граделе театри. Ене ги стојат по светот. Три царски македонски династии на тие простори граделе повеќе од триста години. Ајде да ги спомнеме театрите во Сицилија, Шпанија и Англија со карактеристики, изглед и намена какви што се македонските театри од македонски царски период од IV в. пр. Хр. и потоа. Само таму каде што не стапнала македонска нога не се издигнало македонско култно место - театар, писмо од било кој храм. „Да живее Рим и Атина" - ги слави светот по секоја ископина, Ако де, на статуата на Правдата се врзани очите за да не ја види вистината дека си е Македонско.

Хомер, Херодот, Тукидид, Ксенофон, Плутарх, Полибие и Софистите ја пренесуваат македонската историја вистинито. Некои од нив ниту ја виделе Атина, ниту пишувале за неа, ниту можат да се наречат „грчки" како што си ги викаат сега. Сите тие патувале по македонските градови и ја опишувале сржта на македонското живеење и војување. Од нив се содржините на античките драми. И Хомер, за да ја опише Тројанската војна, тргна со Музите и сите Олимписки

богови. Тоа беше прва светска војна застапена со разнородни племиња. Таа војна ја завршија Филип II и Александар, македонски цареви, што ги изградија театрите за да се запоставуваат претстави со кои може да се подучуваат генерациите врз етички принципи. Сите настани се длабоко поврзани меѓу себе и во центарот на си се наоѓа Македонија. Нема да ги набројуваме племињата, борците, водачите пред Илион - Троја, тие си знаат, запишани се, можат да се читаат низ целата Илијада. Можат да се читаат низ драмите на Еврипид, Есхил, Софокле или да се видат во изведба на сегашните претстави во театрите.

### *Аристотел - прва естетика*

Аристотел, учителот на сите учители и филозофот за сите филозофии, посвети големо внимание на естетската страна на драмското творештво и феноменот на македонскиот театар. Неговото дело „Поетика“, може да се каже е основа на аристотеловата естетика. И тука како и во сите други списи се сретнуваме и со теоретската и практичната страна на науките. Ако естетиката е наука за убавото, тогаш тоа убавото е предмет на теоретско објаснување: како треба да се сфати, како да се дефинира, да се спореди и објасни тој поим. Практичката страна на естетското е посочување и анализа на било кое уметничко дело, но пред си на драмските дела. Низ „Поетика“ преовладува логичкиот принцип на Аристотеловото пишување, примена на логичните закони. Така во теоретската естетика има дедукција, а во практичниот дел индукција со меѓусебно дополнување. Мислењето така се движи од општо кон поединечно или обратно, да доведе во вистинито

конклузио, заклучување врз основа на набројување и поврзување на разни факти, појави, карактеристики кои се појавуваат како елементи во мисловната систематизација. Кога зборуваат за Аристотел дека имал два вида предавања, едните за посветените, апстрактни и тајни и другите за обичните луѓе поразбирливи, тоа се однесува на тој вид теоретски и практични науки кои се надополнуваат. За жал, многу малку се користи Аристотеловото знаење во театрологијата.

Аристотел мислел на македонски, пишувал логично и научно за Македонците, а тоа најдобро се гледа од содржината на „Поетика". Тоа пишување се однесува на македонската уметност во време кога Македонците имале изградено во секој град театар по целата држава и продолжиле да градат патишта, градови и театри во соседството, каде што наскоро сите станале Македонија, си до Индија на Исток.

Во такви услови и можности Аристотел ги насочувал уметничките творци со каков такт да создаваат и изведуваат театарски претстави. Во „Поетика" зборува за поезијата, за начинот на уметничкото доживување, за појавата на трагедијата и нејзината врска со епот и комедијата. Низ сите списи го поврзува Хомер со Еврипид како врска на трагедијата што ги црпи драмите опишани во епот. Нив одлично ги познавал и ги анализирал. Во „Поетика" се зборува за фабулата, карактерите, личностите, расплети, совладување на чувствата во нивното изразување на сцена како жал, страв, ужас и мера да не срчат над драмата како целина. Зборува за улогата на хорот, ритмиката на говорот, мислата, стилот и си друго што е значајно за драмското творештво во Македонија. Тоа е она исто на што го учеа Македонецот и Музите, прославите и Дионисиските мистерии. Иста земја, исти

луѓе, иста уметност со најстари корени. Аристотел со својата широка меморија си опфатил за театрите, делата, изведбите, авторите, глумците, публиката. Подучувал во сите сфери на театарски опсег, но и одлично илустрирал низ предавањата служејќи се со цитирања од делата на Хомер и Еврипид. За Хомер пишува како за чудесно надарен, а за Еврипид како за најтрагичен поет. Аристотел во „Поетика“ ги објаснил корените на македонскиот театар, прв во светот. Тоа го сторил со премин од Дионис кон Еврипид преку Хомер, кога рекол дека трагедијата (од Еврипид) треба да го прикажува чудесното а несфатливото подобро се сместува во епот (кај Хомер). На Аристотел му било јасно дека сцени од Илијада и Одисеја потешко се изведуваат во театар со глумци, хор, публика. Сепак нагласил дека можат лесно да се состават неколку трагедии, како Филоктет, Неоптолем, Падот на Троја, Лаконки. Тие наслови нашироко играле по театрите во обработка на Есхил и Еврипид, Аристофан.

Аристотел го почувствувал духот на македонските племиња со силни карактери, затоа цврсто застанал зад Хомер и Еврипид, да ги овековечува и за една друга уметничка димензија. Хомер можел со убавина да го прекрие необичното и да го претстави попријатно. Пишувајќи така Аристотел ја популаризирал македонската театарска мисла, така и ја напишал „Поетика“ полна со реплики кои ги цитирале Александар, Клито, Калистен и голем број филозофи, како и учители во школите. Сите тие луѓе, актери, рапсоди, поети, оратори, критичари кои се спомнувааат во „Поетика“ на разни начини се поврзани со Хомер, Еврипид и Аристотел. Таа поврзаност е заради македонското потекло и заедничката љубов кон театарската уметност.

Многу ќе се огрешиме ако не ја нагласиме улогата на Александрија и Пергам како наследници на делата од Аристотел. Теофраст ги обогати библиотеките со Аристотел, индиректно и со сите негови претходници и соработници. Птоломеите и Селеукидите ги наследија и делата и театрите и учените луѓе од Македонија и продолжија да школуваат разни кадри од областа на науките и уметноста.

## *Драмски писатели од Хомер до Еврипид*

Податоците за Музите, Дионис, прославите, Неолитките и за Аристотел ни обврзуваат да фрлиме поглед и на драмските писатели од древнина кои први го употребиле македонскиот театар во современ смисол на зборот, за изведување на прослави.

Во Атина, во времето на Перикле било опасно по живот не само за филозофите туку и за драмските писатели. Милан Ѓуриќ и Милош Будимир зборувааат за тоа како мистериите од Македонија се „одомаќиле" во Атина.



*Аристотел*



*Есхил*



*Еврипид*

Орфичките, Дионисиските и Смотрачките мистерии од искона си биле македонски непознати во Атина. Кохан зборува дека религијата, сликарството и музиката во Атина биле донесени од „Варвари" кои во литературата имале оригинално творештво. Тие „варварите" биле Македонците.

Содржината на драмите кај Еврипид, Есхил и Аристофан го потврдуваат тоа. Затоа и нивните дела се изгубени (уништени) како и за философијата. Кај Еврипид од стотина драми до нас стигнале само 18. Се спомнува дека татко му на Еврипид се доселил во Атина, од каде (?), од кај Архелај, каде што се вратил Еврипид во Македонија.

Драмите на Еврипид биле играни и по 400 пати и ако му се префрлело дека е на страна на Тројанците, дека употребува варварски инструменти, дека зборува со некои неразбирливи деминутиви, внесува нови идеи и ја навредува нивната религија. Странецот, метокот Еврипид бил прогонуван како и неговите најдобри другари - Сократ, Антистен Продик, Протагора, Анаксагора и Агатон, сите обвинувани од Клеон кон крајот на V век пр. хр. кога и многумина биле протерани и убиени во Атина.



*Хомер*



*Софокле*



*Аристофан*

Судбината на Есхил е слична на другите странци во Атина што ширеле туѓа навредлива култура. Македонската. Откако втор пат бил обвинет, бегал пак на Сицилија, каде 456 г. несреќно го завршил животот. Погребан е во Гела. Од силниот борец на Маратон останале седум трагедии: Окованиот Прометеј, Персијанци, Седуммина пред Теба, Прибегалан, Орестија (прилогаја).

Содржината на неговите драми е причина за неговото прогонување и смрт. Тоа се гледа и од самите драми.

И за Аристофан не се знае ништо. Освен дека сам се сметал за атински граѓанин и често се бранел од обвинувањето дека и тој е од странско потекло. Исмевал си во своите комедии, дури и Диониса во самиот театар, за да се заштити од сомневања. Од неговите 44 комедии останале 11. Знаел дека критиката на Олигархијата е самоубиство, затоа Аристофан се криел зад псевдоним. Евпалид е човекот зад чиј грб се криел Аристофан во делото „Витези“, кој настрадал, го убиле заради иронија. Тоа било поука за Аристофан да знае како да исмева и да остане жив. Го критикува Еврипид и софистите со лажна опозиција за да се спаси. Сепак, по веста за смртта на Еврипид се облекол во црно и ги натерал глумците да играат без венец во знак на жалост.

Така во Атина покрај науката, филозофијата, медицината, мистериите се обиделе да го преземат и театарот и драмските писатели. Величината на Еврипид е како Архелај во македонската историја. Како Аристотел во филозофијата, како Хипократ во медицината, како Дионис во процесиите. Не случајно Еврипид извршил толкаво влијание за обликувањето на драмите низ Европа, прво преку Сенека во Рим, а потоа преку Шекспир до денеска, до Кабуни и Станиславски.

Не случајно древните македонски театри со столбови на светилишта наоколку штрчат до небо во сите 3 континенти.

Театрите и градовите низ македонските земји некаде наликуваат на рудници со обработени мермени камења. Се рушеле едни да се прават други. Така настанале тврдините по Дунав до Цариград. Најдобро тоа се гледа на Скопската тврдина. Тоа префрлање на камењата го отежнува возобновувањето на театарот во Скопје, еден од најголемите и најдобро украсени што го покажале досегашните стогодишни испитувања. Од овој театар под земја водат тунели за поврзување со другите светилишта или другите градови како што се покажа во археолошките ископини низ Македонија. Тунелите веднаш под првите редови во театарот служеле за безбедност на царот. До него седеле телохранители од фалангата, исто така царски луѓе.

Денеска врз претседателите на Македонија се спроведува класичен тероризам „вообичаен" за војување според Карла дел Понте во Хаг, каде им суди на бранителите на Македонија. Некогаш од македонските тврдини под земја со километри се одело на безбедно место. Сите скопски царски тврдини се поврзани меѓу себе како Исарот во Штип, како Стибера, Стоби, Хераклеа, Охрид. Три метри широк и толку длабок е тунелот во Стибера што почнува од храмот на Тихе до мостот во Чепигово и кој знае уште на каде. Затоа се граделе театри на височина и затоа ридовите со тврдини не треба да се распродаваат. Тие си уште ја кријат тајната на македонската градба. Исти такви градби со такви подземни тунели постојат вдолж заливот Искендер (Александров) околу Аспеидо, Каликија, Тарс, каде што се

наредени театри и светилишта на Тихе, Лета, Аполон, Артемида и особено култот на Дионис, сочуван во разни уметнички обликувања. Театрите и градовите низ Македонија биле работилници за скулптури од мермер и теракота. Затоа се најдени калапите за теракотните икони, за менада, за ковање на пари и што ли не. Затоа и бронзата на играчите е иста. Затоа и музеите околу театрите секаде во светот се преполни со македонски артефакти.

Во Битола, во Охрид, во Стоби во театрите и исто како пред неколку милениуми во театрите низ Македонија. Се изведуваат античките драми, настапуваат пејачи со светски познати имиња, концерти, фестивали дури и свадби. Трдицијата продолжува на масовни народни празнувања затоа што Музите и Боговите никогаш не ги напуштиле Македонците во нивното творештво. Се раселиле по светот. Ја прошириле македонштината. Македонија со своите бурни настани низ историјата го овековечиле драмското творештво, како фактографија, како инспирација, како стремеж кон естетското доживување што го дефинирал Аристотел. Убавото е на дофат како чистилиште во театрите, како убаво во спомените, како надеж и поттик за сите вредности од древнина. Пред си како театарска специфика поврзана со македонски дух и творештво. Театарот, нашиот втор дом и нашето возобновувано живеење, ни го дава мирот. Седнати по скалите и свртени кон сцените да го слушаме шепотот на возвишено древно постоење. Трагаме.

## ПЛОШТАДИТЕ И ТЕАТРИТЕ

Македонските древни театри никако не можат да се заобиколат. Кога Римјаните се настрвија на Македонија со една дива волчја крв, испоклаа си живо од цареви до апостоли и светци. Театрите за нив беа готови градби за триумф каде што македонското племство со јарем на врат го понижуваше здивена толпа на луѓе како патот на Христос до Голгота со крстот на грб и трнливата круна на главата. Сцени од насилие врз македонскиот народ се нижеа во театрите. На тие места некогаш се прославуваа македонски древни празници, Ксантика, свадби со музика и песни, дарбата на Музите, што не може да згине меѓу Македонците. Римјаните ги прилагодија театрите за гладијаторски игри. Ја протераа радоста, среќата и светоста, ја заменија со насилие и крвопролевање. Така славеше народ што традицијата на школување ја замени со обука. Брза обука за терор, за убивање за кое не е потребен ум, исто како и денеска со обука се регрутира терор. Светла точка во сето безредие беа „робовите“-воспитувачи, Македонци, што се воздигнаа како императори, од Помпеј до Константин и Јустинијан.

Театарите во Рим и во Пула се грди сведоштва за тоа како се задоволувале ниските страсти кои го манифестирале животинското кај луѓето. Некогаш публиката во театрите и стадионите уживаше во олимписките натпревари во чест на Музите, боговите и царевите. Тоа беа натпреварувања на духот на врвните резултати на кои се воодушевуваше маке-

донскиот народ и фалангата. Цела недела славење на доблести се заменуваше со еднодневен масакар, како во Беслам на првиот училишен ден, како заложниците на терористите - самоубијци во театарот во Русија, како на стадионот во Чиле со комунистите или бунтот на албанските криминалци на стадионот во Рим. Чудна замена на местата на културни манифестации со криминално, си до ништењето на самите театри, стадиони и плоштади. Некогаш Клеопатра на плоштадот во Рим се покажа во целиот свој сјај на македонска царица и како жена и како мајка. Настан за кој се зборува и пишува две илјади години. Сега плоштадите служат за штрајкови. Да се потсетиме за плоштадот „Небески одред" во Пекинг. Или на Варшавското гето, на Кореја, Виетнам, Босна, Палестина, Авганистан, на Ирак или Аушвиц, да се потсетиме на сите места за масовно уништување. Иронија. Тоа беа места за масовни прослави, за радост на сите, за уживање во театарски претстави, магија на задоволство што ја исполнува душата. Да се потсетиме на потребата да се ископаат македонските древни театри за да го облагородиме духот со нови доживувања. Во Стоби, Хераклеа и Лихнида возобновените театри ја остваруваат својата цел, не исполнуваат со визија да копкаме по неисцрпното богатство на македонскиот народ, ставено на увид на светските цивилизации.

## *Христијанството во театрите*

Намената на македонските древни театри по светот е разновидна. Нивната употреба и во време на појава на христијанството е голема. Сите проповеди се одвивале во македонските царски палати. Сите апостоли проповедите ги држе-

ле во театри. Само да го проследиме патот на Апостолите Петар и Павле и ќе видиме каде се посланијата и писмата во Библијата. Македонецот го повика Павле во вид на видение и тој тргна од Ефес, Антиох, Филипи, Лихнида, Хераклеа, Скупи, Стоби, Солун, Коринт. Во сите овие градови имаме македонски театри и до нив базилики и разни светилишта до ден денешен. Патот на Павле низ Македонија е пат на изградба на православните цркви до самите театри. Павле немал ништо. Лидија од Филипи, богата Македонка, правела скапоцен накит и ткаела пурпурни наметки за царските облеки и му била спонзор за сите патувања. И други богати маке-



*Остатоци од базилика во Филипи*

донски фамилии му давале пари. Создале големи вакавски имоти. Кога се враќале во Ерусалим апостолите со куп пари што им го дарувал македонскиот народ, Евреите ги прибирале донациите и ги предавале апостолите на Римјаните да ги погубат во Рим, во затворите. Од таму се нивните житија и гробови. Останува необјаснето што бара давидовата ѕвезда во базилики низ Македонија. Пред кој народ во театрите се сликаат историчари објаснувајќи каде имало еврејска синагога а зад нив се гледаат остатоци од македонски градби на храмови, стели, ротонди. Зборуваат за пророштвата на Данаил и го покажуваат Тир, каменот розета, театарот во Коринт, Артемидиниот храм во Ефес и не спомнуваат ништо за Македонците. Не зборуваат за Константиновиот крст ни за Никејскиот собор каде што е донесен закон за заштита на христијаните од прогон. Прогонувани биле Македонците а за светци се прогласени од Антиох, од Палестина, од Александрија, но не и од Израел. Се случил еден напад во Ерусалим од каде се однесени реликвии од храмот. Се случило секојдневно да се напаѓа и ограбува целата македонска држава и народ, целата империја која се преименувала во римска за да не можеме ние Македонците да си го најдеме местото во Библијата. Евреите имаат своја религија и своја света книга, ме чуди зошто не си ја прикажуваат својата Тора. Тие беа поробени од Египет, потоа од Персија. Го чекаа месијата и тој дојде во ликот на Александар, ги ослободи, ги призна, ги награди. Вториот пат пак го чекаа месијата. Македонец требаше да им даде слобода. Месијата стана жртва, спасувачот е казнет, распнат како разбојник, напуштен и од Господ, апостолите прогонети, народот расколебан. На тој драматичен ден, на Пасха, Евреите печат и јадат јагне, Македонците

постат (постат за Причест). Пилат ги изми рацете од гревот. Остана само жртвата и пролеаната крв. Само православието го слави тој ден. Сите цркви се претвораат во театар. Сите уметности се збрале на едно место: иконите, фреските, пеењето, молитвите, олтарот, облеката и врвулица од народ. Барем тој ден се потсетува на македонските древни прослави како во театрите.

Уметноста од театарот се пресели во храмот за да се одржи традицијата, да трае и да се негува македонската духовност.

Музата Мелпомена и по неколку илјади години ги посети Македонците, со големо вдахнување им го врати сеќавањето за Лидија Македонката и ги натера големите христијански теми да ги драматизираат и да ги играат по театрите. Во ова божје христово лето ја гледавме на сцена Лидија Македонката од Филипи а пред тоа и во филмот на „Скрб и утеха“. Актерот кој го играше Св. Павле зборуваше колку бил обземен со ликот што го толкувал и колку бил поистоветен со улогата да се претстави светец. Како им било на Македонците кои ја играле и толкувале Дионисиската придружба со глумци на Богот, Музите, Менадите, народот? Како им било на сите Македонци низ историјата што ја доживувале драмата на живееење од древнина, до христијанството до денеска? Нека влезе некој во улога, нека се поистовети со негирање на народот, верата, симболите, територијата ќе сфати како ни е нам на Македонците. Македонците ги преправале како Срби, Бугари, Грци, Албанци, Руси... Време им е да се вратат на македонските корени. Европската унија ќе се распадне ако не и се каже и самата не ги тргне прстите од Македонија. Комедијата на „Југоисточна

Европа“ - име што го форсираат и за Македонија, го спростреле на широки простори, белки така и ќе пропаднат. Ќе имаат многу теми за театрите, зашто драмите од животот надживуваат и добиваат нова силна уметничка димензија. Театарот умее преку уметничко доживување на настаните да им даде вистински идеи, а не утеха како што прави политиката и религијата. Молк пред кревање на завесата. Молк пред глумецот. Молк пред магијата на зборот и движењето. Молк за крај, за да мислиме, кога се спушта завесата.

Тоа е жал за сите уништувања што ги претрпе и сиуште ги трпи Македонија. По сите загуби преживеа Македонскиот театар, македонскиот човек со факелот на Дионисиските игри, со дарбата на Музите и сите вредностите од древнина.

***Ако некој камен се тркала***
***од ридот не се запира со боса нога,***
***ќе те искрши и ќе продолжи***
***да се тркала.***
***Сега јас сум босата нога а книгите***
***ми се живи рани од Сизифовските***
***камења што се тркалаат***
***низ Македонија.***

## МАКЕДОНСКИТЕ ТЕАТРИ ВО ДРЕВНОСТА

Во светот нема сведоштва за царските театри од пред два ипол милениума и пред тоа, какви што се театрите во Македонија градени од Филип и Александар Македонски и нивните наследници. Такви се и разни светилишта, културни центри, гимназиуми и цели македонски градови низ икуменот (тогашниот познат свет). Хераклеа, Стоби, Лихнида, Дион, Еге, Епидариум, Олимпија, Атина, Александрија, Пергам, островите и уште кој знае колку други неоткопани театри од древноста.

Не само царските патишта, царувањето, симболите, писмото, градбите, фалангата, светоста, божествата, христијанството, мозаиците, фреските од базиликите што Македонија им ги открива на светот, туку целата древност носи македонски белег.

Митологијата, култовите, празнувањата, процесиите од игрите на музите до дионизиските бахналии, светците воини, ангелите и македонските маченици го искачуваат македонскиот народ по скалите на древните театри. Трагите од минатото се составен дел на секојдневното живеење искажано низ театрите. Тоа е на некој начин историја на празнувањето, игрите, ората, песните обичаите, како неисцрпна ризница на уметничко создавање и долг континуитет на македонско опстојување, украсено во Македонија по античките театри, некои во функција до денешен ден.

Да се пишува историјата на македонскиот театар, а да не се споменат историските текови од антиката наваму, наликува на гранче од даб засадено како дрво. Така можат да пишуваат за нас непријателите, соседите, странците, така тие го разбираат македонскиот театар како нешто многу младо, сега настанато. Сполај ти Господе, доста ни се таквите толкувања, можеме сами да си пишуваме, да твориме, да живееме, темелно, коренито, славно.

Не можеме да кажеме со точност кога човекот станал свесен за себе и светот. Што било прво? Зборот или мислењето. Како се појавиле и по кој редослед уметноста, религијата, медицината или науката и филозофијата? Дали прво настанал денот или ноќта? Дали е земјата или водата подлабока? Се е во толкувањето. Човекот е и свест, и збор, и мисла, и креација, истражувач на светот и на човекот во него. Човекот е тој што сфаќа, менува, усовршува, обликува, но и составен дел на универзумот од најстаро постоење. Човекот е единственото живо суштество што мисли и со мислењето го создава човечкото творештво. Само што се исправи човекот на две нозе, зачекори во непознат свет и се исплаши од силата на природните појави. Во се побара душа, а подоцна и тотем, свет заштитен предмет. Тотемот е тој што ќе го штити човекот, родот, племето од се непознато што го демне од природата. Тотемот е среќа и заштита, жената тоа го остварува преку накитот, а децата преку маскоти. Така се остварува заштита од глад, студ, гром, напад, страв и смрт. На таков начин настануваат обожувања, ритуали, радости, игри, прослави животни драми. Се истеруваат демони, болести и се принесуваат жртви. Се тоа што се случува кај некои примитивни племиња во Африка

и Америка има сличности со сите настани во современото општество од пред милениуми. Корените се исти кај многу народи, развојните фази се различни. Исто така покрај најсложени форми на свеста кај секој народ се прикриваат пагански интуитивни сваќања. Колку подлабоко понираме со мислите, толку покомплексно го сваќаме тоа. За да се сфати Македонецот, не смее ништо да се запостави од неговата богатото културно наследство од предисторијата, митологијата, култовите, церемониите, театрите, до денеска. Игрите, пеењето, китењето, трансот и други ритуали ги раководи лично поглаварот, првосвештеникот, кралот. Паганството кај Македонците има далеку наназад корени до денешните маскенбал, карневал, водици, цветници и сите светци за секој ден во годината и толку цркви и прослави. Митологијата, религијата, науката, медицината, театарот, не е важно дали се појавиле наеднаш, или едно по друго, како што не е важно дали е прва ноќта или денот, дали е подлабока водата или земјата, дали е прв зборот или мислата. Сето тоа се појавува со меѓусебна условеност и таму ќе ги бараме корените на богатото македонско творештво и настанувањето на театарот.

Македонија е земја на многу кралства и кнежества и многу родови со ист ген што прераснале во една најголема империја во светот. Македонските кралеви во своето владеење се слични со олимписките богови. Богот Македон им дал на Македонците потомци како Аполон, Орфеј, богот на виното и театарот Дионис, потоа музите, нереидите, менадите, бакхите и цел народ што учествува во сите прослави како што тоа го правеле Хомеровите херои и македонските храбри кралеви. Само такви кралеви во таква богата држава како

Македонската можеле да создадат филозофија, писмо, школи, библиотеки, палати и театри, едно по друго покрај светилиштата. Нема друг народ како македонскиот што организира масовни прослави. До корените на ова не може никој да допре и да ги ископачи. Секој што ќе го допре златото на Мида се позлатува. Камен се скаменува. Се помакедончува.

Живи докази за македонскиот начин на живеење ни е Хомер со своите описи на војувањата, прославите, селските работи по поле и дома, ловот, градењето на храмовите, славењето на боговите, пејсажите, луѓето и нивниот карактер, обичаите, гостувањата, имињата, кралевите, хероите, драмите и натпреварите. Секој опис и секој настан ни е повод за сцена, за театар. Токму затоа се појавија толку драми со митолошка и херојска содржина од тројанските војни. Не ли се тоа македонски војни? Нели и тоа беше владеење слично како македонските кралеви. Во сите македонски престолнини кралевите ни се и мецени, ги штитат култовите, симболите, управуваат со ритуалите и сакралноста, го врзуваат народот за себе за да го поведат во победнички војни. Култовите се најсилното обединување на македонскиот народ.

### *Култот на сонцето*

Култот кон сонцето, еден од најсилните јазолни точки, белези, жиг на се што е македонско. Сонцето е тоа што одблеснува од златниот шлем и лицето на македонските кралеви но и ореол кај сите светци и маченици. Сонцето како штит, сонцето како светлина и просветеност од ликот на богот Аполон. Сонцето како златна паричка со ликот на кралот и како круна на глава. Како заштитен космички зрак.

Сонцето како тумба, могила. Огниште во секоја македонска куќа и софра.

Сонцето како змија склупчена. Ротонда во светилиштата. Сонцето како извор што клокоти. Сонцето како оро македонско, кружно што се виори, разиграно и распеано племе кралско. Сонцето како бисер на грло, како белегзија, како прстен на рака, како пафта на гради, сончев покрив над куќите и црквите.

Сонцето како блесок на фалангата, кружно што го обиколува неприја-







*Култот на Сонцето - македонски култ.*

телот. Сонцето во кружните ѕидини на македонските град тврдини. Сонцето како сцена, како театар изграден во секој македонски град. Сонцето македонски потпис. Дванаесет видови на сонца аплицирани насекаде, а во срцата на сите Македонци шеснаесет-зрачното династичко сонце. Сонцето на нашите претци и наш македонски идентитет. Сонцето само еден култ од ризницата на се што е македонско и македонскиот начин на живеење, сонцето вградено во театрите. Животот го прави театарот, а во театарот ги сретнуваме сите македонски славја, обожавање на сонцето, богот сонце, Аполон, Александар, Амон Ра. Македонското сонце на знамето. Изгрејсонцето на грбот, и во химната „Над Македонија се раѓа ново сонце“... Денеска, во минатото и за навек сонцето наше македонско. Мистериите го слават македонскиот култ како што е култот на сонцето, а во врска со тоа промените на годишните времиња. На македонскиот театар му претходеле македонските мистерии, дионизиските, самотрачките, орфичките и уште многу други обреди на посветување. На таков начин македонскиот пат врвеше од тотем до обожавање на боговите, од митологија до драмски изведби и театри, оттаму до науките до филозофијата, до богатата историја на христијанството каде што се засолниле сите цивилизациски постигнувања од Македонија.

### *Мистериите со театарска содржина*

Секоја пролет и есен почнуваат процесии на богот Дионис, Македонец, син на тебанската принцеза Семела и Зевс. Патувал од Македонија до Индија во придружба на силен (телохранителот на богот), Пан, сатири, менади, ним-

фи, демони, бакхи, народ со бршлен во косата и дабови гранки во раце и сите маскирања како во денешните карневали низ Македонија, Вевчани, Струмица, за Водици, Коледе. Се одело со нартековиот стап на магиско својство како што одел по светот уште еден Македонец - Херакле. Се одело со змии во рацете како Етрурците во последната очајна битка со Римјаните. Се одело со змиите на стапот на Асклепие, денешниот аптекарски знак. Како што е и кобрата на челото на македонската кралица Клеопатра. Змиите, крустирани во златниот накит од требенишките гробници, со маски на македонските кралеви и други симболи и култови со македонско обележје. Одела во поход целата митологија и историја што ги прославувале промените на годишните времиња како вечно обновување на животот. Тоа е таа весела игра, шеги, хор, баханалии, дијалог, игра на актер што го толкува Дионис како прва театарска поворка и прв чекор на масовни прослави со многу народ. Во таквите култови раководени од македонските кралеви биле посветени и Филип и Олимпија, преку нив и Александар, а пред тоа Питагора, Херодот и многу други првосвештеници, кралеви што раководеле и учествувале во орфичките, самотрачките, делфиските прослави. Плутарх ги опишува жените Македонки во дивиот занес на прославите и Олимпијада со голема змија во раце во транс на месечевите зраци на Самотраки каде што се сретнала прв пат со Филип II и потоа веднаш се омажила за македонскиот крал. Во самотрачките мистерии учествувале македонските жени замислувајќи се опседнати од духот на Артемида и како заедно со неа со божицата го бркаат еленот низ шумите. Тој истиот елен насред шума од мозаици, распостелен во театрите во Стоби, Хераклеа, Лих-

нида... Тоа ни раскажува за големиот дух кај Македонците, за нивното непофторливо творештво како се скрасува на патосот на театрите како одраз на сите процесии.

Химните посветени на Дионис ни зборуваат за сите опасности и патувачки авантури на богот на виното. Култот кон Дионис изобилува со разновидни доживувања, весели и тажни како повод врз нив да се појави комедијата и трагедијата. Свеченостите за време на гроздобер се проширувале со разговор на народот, прашања и шеговити одговори. Тука јасно е нагласен драмски акцент, издвојување на актер или личност од хорот што ја прераскажува содржината на раскажувањата. Процесијата комуницира преку хорот со публиката, но и го вклучува се поголемиот обем на народ во тие прослави. Тука се гледаат досетките, духовитоста, пакосни исмевања на народот што се весели.



*Табла со Дионис од Охрид*



*Табла со Сатир од Стоби*

Дионизиските прослави го очистуваат човекот од секојдневната напнатост, го изедначуваат со богот, го идентификуваат со светата семожност недостапна за народот во другите обични денови во текот на целата година. Еднаш за време на прославите секој човек може да се замисли дека е бог и да се однесува така. Обичниот човек станува семоќен, весел, пијан, духовит и близок на тајните мистерии од кои се учи да живее посреќно. Еднаш тој е цар со круна кога се венчава.

Култно утешение. Дионис, богот на виното и прославите набрзо ќе се претстави како бог на баханалии и бог на театарот. На секоја сцена ширум македонската држава како почетен олтар ќе стои скулптурата на Дионис. Аполон ќе му ги отстапува своите светилишта заедно со музите да ги поддржуваат уметничките дарби на учесниците што подобро да ги испеат пеаните и химните во чест на тие што се прославуваат, хорот, оркестрата.

Ако Дионисиските прослави го ослободуваат и го очистуваат човекот доближувајќи го до богот, во самотрачките прослави со бркање на еленот, Македонците се изедначуваат со божицата на ловот, со Артемида, сестрата на Аполон која во секоја скулптура го носи лакот и стрелата. Во фалангата тоа е основното оружје на божествените борци. Додека едни мистерии учат како да се живее и како да се бори во животот, други го внесуваат човекот во заносни тајни и забрани, во молк за светоста каде што се избрани посветените, најдобрите, слични на митолошките богови.

Орфичките мистерии го подготвуваат човекот за живот после смртта. Орфеј, богот на песната ги научил Македонците на сите мелодии да пеат и да свират на кавал.

Приговорот ќе биде кавалот е премногу варварски. Да не стигнал од Карија? Изгледа си е обратно. Си тргнува од Македонија. До што постои живо суштество ја слуша таа песна, дури и дивите ѕверови се скротуваат со тоа волшебство, со музиката. На свадбата неговата невеста Евридика ја каснала змија за нога. Библиска порака за змијата и жената, библиски драми за театрите. Човекот да ти ја столчи главата а ти да го каснеш за нога. Откако Орфеј не успеа да ја спаси од адот, неговите мелодии станувале се потажни, ја изразувале болката по саканиот близок што сме го изгубиле. Без говор, без песна, без свирка, без тема, нема театар. Култовите на сонцето, змијата, боговите, мистериите, прославите, масовното учество на народот во сето тоа си нашле место и израз во македонската и светската историја.

Нема граница каде завршува тотемизмот, каде почнува новиот култ, каде се појавуваат митовите и мистериите, кога зацарува умот со науките. Па како сето тоа ќе добие уметнички израз. По нешто стално заостанува и избива со сета сила да се наметне во нови услови. Сите секти во религиите и големата мајка како Богородица. На младиот филозоф Антистен, Македонец по мајка, му нуделе посветување во орфичките мистерии. Првосвештеникот премногу го фалел задгробниот живот како вистинско живеење. Ако е така што не умреш? - ќе рече Антистен и ќе продолжи да ужива во се тоа што го дава природата. Тоа е почитување на боговите и на природата како чекори кон науките и уметностите во Македонија. Филозофијата, науките, уметноста си крчат сопствени патишта врз религиозна, митолошка основа. Од време на време, преовладуваат едни над

другите. Македонецот е тука преку уметничка содржина да го усогласи сето тоа и да го примени во театарот.

Видовме како на македонскиот театар му претходеле македонските мистерии, култни обреди, и посветувања. Македонец е богот Дион. Македонец е богот Дион. Македонец е и Еврипид кралот на театарот. Самиот театар се појавува на македонска земја и особено во четвртиот век сите театри на сите три континенти околу Средоземното море носат македонски карактер. Главната карактеристика театарот ја добива со изградбата на македонските градови - култни центри каде што на едно место кралот ги гради своите палати, Аполонови светилишта, школи како Лицеум, Музеум, Симпозиум и Гимназиум, вежбалишта за фалангата и театрите што имаат заедничка особина да собираат триесет до четриесет илјади македонски народ и фалангата.

За древните театри има многу докази и многу автори кои пишуваат за тоа. Такви се С. Шестаков, Р. Коган на руски, М. Ѓурик во Етика и Историја на хеленската книжевност, Ернест Фишер и многу други англиски и германски автори, но најмногу од сите нив за театарот ќе најдеме материјал кај Аристотел. Нема драма, нема автор, нема театри, глумци, дејства да не се споменати и образложени во Аристотеловата Естетика како теорија за уметноста. Извори за тоа чии се и какви се театрите има во законите, натписите, сликите на вазни, влезници за претставите, драмите и нивното изведување, описите, коментарите. Самите театри ни даваат најдобри докази за тоа какви биле и зошто служеле. Театрите најмногу се градени во времето на Филип II, Александар и неговите наследници, пишува Ѓурик. Дека Македонија е земја на древните театри не е спорно. Во секој град, во секоја насел-

ба, во секое култно место, во секоја кралска палата се појавува театарот со мермерни скали и исклесани имиња на одредените места за личности. Неодамна во Стоби ги прочитав тие македонски имиња во тој древен театар. Театрите што ги граделе кралевите носат или кралски или митски имиња како Хераклеа, Дион, Делфи, Лихнида... Сите театри во склад со македонските култови градени се со изглед на сонцето. На природни возвишувања, на ридови нивната форма е на изгрејсонце, зраците што ги сечат седиштата се патеки и го оформуваат изгледот на македонскиот култ на сонцето. Во дното е сцената - пак сончев симбол, а на сцената олтар и околу него се разместувал хорот во круг како сонце. Кај Ѓурик има ваков опис: „Музите откако ќе се искапат на изворите играат оро околу олтарите на светилиштата на Аполон, Артемида, Илио (сонце)“. Тие олтари се преселиле на сцена заедно со орото од поранешните процесии. Тоа не е само епизода (еп што оди), туку изодување на светиот пат до одајата на настапот до театарското место. Орото во склад со сите други сончеви симболи претставува сонце. Македонското оро е сонце со космичко значење на секој чекор, на секое движење со внатрешен ритам, ритмичка мерка на македонската музика. Орото претставува графема на движењето на небеските тела па затоа и театрите го носат тој склад на осмислената космографија со целокупното култно наследство на македонската лоза кралеви. Сите случувања на македонскиот народ во едно органско единство од праисторијата од Хомер до Аристотел го изразуваат митскиот начин на изразување. Тоа се однесува и на театрите кои што со време ја менуваат својата функционалност.

Македонскиот древен театар прво служел за натпревари, за процесии, за разни празнувања. Никогаш никаде не се граделе такви театри и со толкава големина како македонските. Тие го собирале целиот народ што празнува во местата за околу четриесет илјади луѓе на седиштата во театрите. Театрите од култни центри се претвориле во места за свадби. Кралот Филип II е убиен во театарот во Еге за време на свадбата на неговата ќерка. Фалангата од град во град ја прославувала својата победа не на било кое место, туку во театрите. Затоа и во секој град имало театар. Се знае дека и фалангата броела околу четириесет илјади војска што можела да седне во театрите во стотина Александрии низ Азија што ги граделе Македонците. Целиот македонски живот се одвивал во театарот. Таму се правеле планови, договори, се воделе разговори, се обраќал кралот, се пеело, пиело и се организирале културни натпревари. Светот разбран како поле на културно натпреварување помеѓу народите. И не е тоа само во четвртиот век пред нашата ера туку многу поодамна кога театрите ја имале истата функција низ Македонија. Сите македонски кралеви од Пердика до Персеј биле мецени. Да видиме само во крајот на петти век на дворот на кралот Архелај во Пела кој си престојувал. Тоа се Еврипид, Тукидид, Агатон, Хипократ, поетот Херим од Сам, Тимотеј од Милет, филозофот Праксифон и Ѓорѓија, епските пејачи, Никерад и Меланипид. Зевксид од Хераклеа ги насликал палатите во Пела со фрески како што биле мозаиците по подовите на сите театри, со иста тема. Македонска. Многу луѓе ги полнеле театрите не само во Пела туку во сите македонски престолнини . Како сега да и поверуваме на Атина дека била културен центар во антиката кога спротивно од тоа се знае колку

учени луѓе, метоци, странци, протерале и убиле само за времето на Перикле. Македонските кралеви ги заштитувале и им овозможувале работа и на уметниците и на сите други што твореле. Тие се првите мецени.

Во времето на Александар се знаеле по име сите поети, филозофи, пејачи, спортисти и глумци што го придружувале на походот. Пред Александар настапувале трагичарите Тесал, Атенадор, Аристокрит и комичарите Ликион, Формион и Аристон. За Ликион кога играл во една комедија се знае дека во шега внел стих со молба да добие десет таланти и Александар со насмевка му дал толку, (според Плутарх). Во суштина и Плутарх како и сите други што пишуваат за Македонците сето тоа го презеле од македонските аналисти од придружбата на Александар. Тоа градиво се чувало во Александрија и затоа сите „Грци и Римјани“ оделе на поклонение во таа македонска престолнина на образованието за да присвојат нешто без да го нагласат македонскиот карактер на македонските игри во театрите пред фалангата, народот. Нема разлика меѓу македонските и римските театри. Витрувис се обидува да внесе разлики во градбите но тоа е заради дополнителната функција за гладијаторските борби, наместо културните и спортските натпревари на култни места на македонскиот театар.

Откако Есхил, Софокле и Еврипид ја исцрпија сета трагична тема во своите дела, настапи софистиката и филозофијата. Сократ и Еврипид беа неразделни другари. Кој од кого учеше? Маеутичките породилни маки во потрага по вистината во филозофијата се помагаа со прашања и одговори како и поставувањето на тези и теми кај Аристотел. Дијалозите во драмите имаат иста намена. И во едните и во

другите, и во драмите и во филозофијата ја наоѓаме збиен-ата мисловна македонска мудрост, чии остатоци ги има и во македонските народни приказни и во поговорките. Дијалогот, разговорот, пеењето, игрите, прославите, театрите, науките и македонските кралеви заедно во заедничко и просветлување. Од походот на дионисиите до походот на светското обединување и ширење на Македонизмот и до денес, тоа трае. Откопаните и неоткопаните градови и во сите нив македонски театри ширум по светот зборуваат сами за себе без оглед на присвојувањето и влијанието на другите светски цивилизации.

Нема некои убедливи факти за елинизација на македонската култура ако се знае дека во Атина во V век п.н.е. имало еден дрвен театар, со дрвени клупи кој што еднаш се срушил. Толку знаеле и умееле, толку можеле атињаните наспроти раскошните мермерни театри што ги изградиле насекаде до кај што стигнале Македонците. Првиот македонски театар во Атина посветен на Дионис, изграден во 330 година, бил од македонската окупаторска војска и тој театар ги носи сите карактеристики на македонските градби. Затоа тоа претставува македонизација на културата а не елинизам. Пизистрат и Перикле присвоија се што можеа од Хомеровите списи, олимписката митологија, писмото, филозофијата, мистериите, драмските дела, правејќи се „мецени“ по угледот на македонските кралеви а во исто време немилосрдно убивајќи метоци, странци, Македонци. Еве како тоа изгледало. По Страбон: Музеј од Македонија ги пренел во Атина орфичките мистерии. По Аристотел тие тајни догми во песничка форма ги пренел Ономакрид во Атина во шестиот век. Според Херодот, Ономакрид бил

повикан од Хипарх да земе учество во просветата на Атина заедно со повиканите други ликовни уметници и други поети. Тој раскажал за него дека, кога бил приредувач на Музеевите песни, го фатил на дело како вметнува лажни пророштва. Македонците и натаму граделе театри на трите континенти каде што владееле со заедничко својство во намената, со истата големина, акустика, орнаментика и оставале свои културни траги како македонски духовни аманети на сите цивилизации.

Филип II во 347 година п.н.е. во Хераклеа крај Битола во кралството на Линкестидите со кои што тој управувал пред да стане крал на Македонија го изградил тоа култно место со театарот сосема сличен на оној светски познат во Епидариум што се појавил во исто време кога и Хераклеа и уште многу такви театри во Македонија. Епидариум се изгради на многу стратешко место каде што Филип II имал намера да ја префрли македонската војска против персиската флота во Егејот. Затоа покрај театарот имало библиотека, стадион, логор, болница, ротонда - старо светилиште на Асклепио и олтар на сцената на театарот со кипот на Дионис. Акустиката на тој театар е таква што глумецот кога ќе шепне на сцена, секој збор се слушал до највисокото, последно место во театарот што собирал околу четириесет илјади луѓе. Таа акустика е иста во Хераклеа, во Стоби, во Ефес, во Пергам, во Александрија и во сите други македонски театри. Акустиката им е битен белег на изборот на местоположбата и научни пресметки на македонските градители. Исти луѓе граделе во исто време, за исти македонски потреби. Тоа не смее да се превидува и да се зборува како за „грчки“ или „римски театри“. Навистина и римјаните гра-

бале се македонско само што нивните театри ги прилагодиле за гладијаторски игри. Во македонските театри се изведувале драмските дела на Есхил, Софокле, Еврипид. Како тоа се правело опишано е во Поетика кај Аристотел.

Аристотел ни зборува за драмите, сцената, хорот, актерот, декорот, маските, за се како за македонски канони од древнината. И ништо не се изменило во театарската уметност од Аристотел до денеска. Да ми е да знам како ќе се изучувало и како ќе се пишувало за театарот без македонското богато наследство и без теоретските поставки на Аристотел. На пример Аристотел кога зборува за глумецот вели: „Суштината на драмата е да ги пречисти емоциите, да се надвладее ужасот и самосожалувањето (да се скроти ѕверот на емоциите) за да може во една нова соживеаност да се претстават ликовите на Антигона, Орест, Едип“...

Во почетокот драмските писатели сами настапувале како актери, го пееле текстот и го прераскажувале наизменично со хорот. Потоа како и во Дионисиските процесии од поворката се издвојува раскажувач на настаните како што тоа го прави актерот кога раскажува за содржината, а потоа хорот пее и пак актерот објаснува. Драмите на Еврипид наместо сам да ги раскажува ги раскажувал глумец веројатно на друг дијалект за да го разберат атињаните. По издвојувањето на еден, два и повеќе актери, целата екипа го води дијалогот на драмата. Актерот станува важна и неприкосновена личност и не само во театарот туку и во сите други ситуации, дипломатски, политички кога се вршеле преговори актерот како јавна личност посредувал со целиот свој авторитет. Аплаузите се добивале насекаде, не само на сцената. Актерот имал на располагање многу средства за посилно

изразување на емоционалната нијансираност на карактерите и личностите. Костимите, маските, боите, движењата и други средства ја засилувале уметничката доживеаност. Уметноста е доживување на емоциите и на самата изведба затоа сите помошни средства го зголемувале изразувањето и на содржината и на целокупната изведба.

### *Маските и глумците*

Маските имале многу значајна улога, тие се правеле за старци, за млади, за слуги, за женски улоги и друго. Мажи ги играле и женските улоги како во Кабуки театарот, а во тоа секако видна улога играле маските. Понекогаш едно лице имало две маски и само со вртење на тилот се изразувала другата улога. За трагедија имало повеќе од дваесет и осум видови маски. За комедија маските биле така карикирани што со самата појава веднаш се предизвикувала смеа како и денеска со кловновите. Аристотел укажува како маските за комедија ни случајно не смееле да наликуваат на карактерот на некој Македонец за да не се помисли дека некој намерно сака да ги исмејува Македонците. Во такви случаи сите би настрадале. Отука се гледа дека театарот бил целосно во македонски раце и контрола. Аристотел за маските ќе рече дека умешноста да се прават маски е пресудна за изведбата на театарските претстави, дури и повеќе од уметноста на самиот актер и поет. Не е случајно што и двете музи Мелпомена за трагедија и Талија за комедија се прикажуваат со маски во рацете, заради нивната посветеност на театарот.

Се разбира маските се само една компонента во креирањето на личноста. Во улога биле и костимите. Македо-

нец на сцена носел хламида (наметка), префрлена преку левото рамо и закопчана на десно како униформите на денешната македонска гарда. Александар и неговите кралски другари аловата хламида ја закопчувале со златни копчиња во вид на лавовски глави. Лавот, змијата, сонцето, дабот како долга македонска традиција ги среќаваме насекаде во македонскиот начин на живеење и во театарот. За секоја улога костимите биле различни со симболика задржана во театарот денеска. Црно се носи за ожалостените, шарено за комедијантите, зависта се изразувала со жолто, лукавоста со костенливо, стравот со бело, а боговите настапувале со свои







*Различни театарски маски*

знаци на сцената, со штит, гласнички стап, круни на глава како сонца во новото македонско светилиште - театарот, или ореолот на светците.

Си тоа што се развило во древнината како македонско, како теорија - Македонците во библијата и како практика со каноните во македонската црква. Мистериите, посветеноста, тајноста, обредите, градбите, украсувањата во црквите ни го сочувале највредното, македонското театрално искуство.

Прелистувајќи книги за цивилизацијата на далечниот исток дојдов до некои податоци за сличностите на културата на повеќе народи и тоа дека од Кина има влијание во писмото, јазикот, обичаите, во Виетнам, Кореја, Филипини, Јапонија. Овие народи не ги одрекуваат своите кинески корени како што тоа го прават нашите побли-





*Посмртни маски*

ски и подалечни соседи со нас. Вкрстувањата на светските цивилизации како и билките носат нови сорти, хибриди, мутанти. А генот, каде е тој древен корен? Сите народи своето творештво го започнуваат со прослави, ритуали, божества. Во книгата за Јапонија го сретнав изложувањето на професорот Накамура, антрополг од Токио кој вели дека Јапонците во својата земја не се староседелци. Тие од монголски тип кога дошле на островите го затекнале племето Аина, кои биле со прави очи, со бујна коса и брада, блиски со белата раса. Професорот Белц вели дека Аините се блиски со словените. Се запрашав дали белите македонски племиња ја поминале границата до каде што Александар ја освои Азија. Според Накамуро, Аините имале своја митологија. Во средината на Јануари (наша Василица) ги славеле претците преправени и маскирани. Ја славеле богинката на сонцето Аматеразу, нешто слично како Големата мајка кај нас од времето на матријархатот. Кога еднаш таа се сокрила во една пештера завладеала темница. Сите богови запеале, засвиреле, затрештиле, заиграле за да ја извлечат од темницата за сонцето пак да светне во целата земја. Многу ми се видоа слични поворките на богови што играле и пееле пред богинката на сонцето со македонските Дионисиски процесии. Јапонците за себе мислат дека тоа што го примиле од културата од Кина и Индија содржи влијанија и од Персија која беше под македонска власт. Што не мислат дека тоа е македонско влијание? Племето што живеело војнички живот, јавало на коњи, ги обединило сите племиња под власта на еден цар и создало држава како власт на аристократите, слично на тоа што Филип II повеќе стотини години порано го направил во Македонија.

Јапонскиот цар, потомок на богинката на сонцето ја има целата власт како жив бог и духовен водач на народот. Таа власт изразена како национализам и фашизам во Втората светска војна го изоди обратниот пат од Македонците во освојувањето на светот. По војната во Јапонија се забрани прославата на Кигенцесу и сите традиции воспоставени од првиот цар Ѓиму, некаде во четвртиот век од нашата ера. Останаа споменици на архитектурата, храмовите, скулптурите, царевите, сликите, везот и други уметнички ракотворби поврзани со царот и народот, се разбира и театарот. Во книгата Музеи на светот, Џо Окада, на стр. 85, пишува за Гигаку маските: - Овие древни маски се носеле за време на некои игри при свечени церемонии во големите манастири, палати и куќи на принцевите. Тие претставувале божества. Човечкиот лик, чудно, секогаш има западни а не монголски црти. Зарем и тоа не е сличност пренесена од маските употребувани во македонските театри. Така се создавале јапонските театри со Кагура - музика на боговите со флаута, тапани, така и ја изведувале најпознатата „игра на лавовите" што и денеска се изведува на верски свечености. Буда ја доби македонската хламида. Маските, прославите, театрите во Јапонија се слични како македонските и кинеските затоа што сите нив ги организирале царевите, синови на богот на сонцето што ја сакале магијата во уметноста. Дури во шеснаесетиот век Јапонија го доби својот Еврипид што за театарот Кабуки ги напиша историските драми. Тие изведби, на тој прочуен театар со глумците, хорот и музиката, многу потсетуваат на изведбите на македонските древни театри. Спектаклите на Кабуки се повеќе се осовременуваат. Таквите во Македонија продолжиле како пагански

остатоци изведувани на религиозните празници иако некогаш со нив започнал театарскиот живот во Македонија.

Македонската култура континуирано се ограбува дури ни името не ни се споменува. Се знае дека сигрчко, сиримско, сиевропско влече корени од Македонија. Римјаните за времето на Цезар почнале да го создаваат латинскиот јазик со Етрурците и Македонците. Пропорцие, Хорацие, Овидие, Вергилие, Валерие, Мецена, Месала, Полион, први ги пишуваа литературните дела со македонска тема од библиотеките во Александрија. Тие први почнаа да ги претвораат македонските богови во римски. Катон, Цицерон, Брут, Помпеј, Касие, Сенека, сите Етрурци и Македонци ја сочинуваа водечката гарнитура на новата римска култура и држава. Подоцна на сличен начин Лесинг, Шилер, Гете, Шекспир, создаваа култури на новите европски народи.

Македонските силни цивилизациски обележја преживеаа до денеска преку христијанството. Олтарот, црковното пеење, фреските, церемонијата на богослужбата, народот македонски го одбележува своето позитивно битисување. Попот како глумецот во театарот, како реторот во филозофијата, како царот пред народот вршат иста функција во различни ери од постоњето на македонската цивилизација.

Најбогатата театарска традиција, со најстари корени во светот, Македонија е обврзана да ја негува и да ја проучува сопствената театрологија. Тоа не треба да го прават странците. И покрај си театарскиот живот ги застапува сите форми на постоење. Медиумите го олеснуваат тоа со снимените драмски претстави, радио -драмите и со касетите на монодрами каде што еден човек претставува цел театар. Театарот „Скрб и Утеха“ во соработка со професорите по литерату-

ра во средните училишта има силен воспитен карактер со социолошки истражувања. Младите го доживуваат театарот.

## УБАВИНА

Убавината на Музите, Аполон, Александар...претставуваат прототип за сите човечки убавини обликувани во ангелите, фреските, скулптурите, сликите (портертите) и ликовите на писателите, создадени да дефилираат по сцените на театрите и екраните.

Не постои човек без љубов, љубовта е патека по која чекори секое живо суштество. Секој човек сака нешто најмногу, нешто што го потикнува, храбри, утешува, бодри, го прави да се чувствува среќен, пријатен, исполнет со сета убавина на животот. Го осмислува неговиот тек на настаните, го обожува и му се предава целосно со сето свое битие. Театарот е мојот живот, самиот живот е театар, а тоа е мојот единствен свет, таен, волшебен и понекогаш очаен. Страста кон театарот ме привлекува и никако не можам да се ослободам од оковите на старите маски кои ме имаат заробено и заклучено во нивните одаи. Кога рекол Толстој се е во човекот се надевам мислел на светлината на самите нас, човекот толку силно се мачи да ја допре светлината но никогаш не ја гледа јасно. Таа полека и тажно згаснува. Вечноста на човекот е душата, човековата душа движејќи се, вртејќи се постојано во круг, никогаш не напуштајки се себеси, играјќи секогаш една иста, животна игра...

Така театарот е стар колку и светот. Од дамнина тој повторно ја игра истата улога да ги предизвика возвишените чувства; љубовта, разделбата, болката, тагата, радоста, загу-

бата, среќата и несреќата. Израз и одраз на луѓето, огледало на универзумот. Опсесија, страст, убавиот збор, убавото чувство што го љубам безрезервно. Тоа е доживувањето кое ме прави зависна од таа магија на сенките што играат околу мене и најдобро ги гледам со затворени очи. Театарот откупува во мене длабоко запретани претци на минатото диви крикови, светлината, молкот, внатрешниот немир, тоа е подготвување за доживувањето што сцената ќе го прикаже како бледа копија на реалноста. Невидливото во кое универзумот на актерот ја променува својата душа. Се оживува демонот, разјарениот и побеснет, се вивнува како дел од неговиот ритуал. Сцената, времето, луѓето, просторот го откриваат самиот наш демон. Актерот веќе нема да се вика демон, зошто со него владеат демони, а тој не знае за тоа. Во нас пламнуваат Дионисовите мистерии, таинственоста на промените не раѓањето на плодноста и возвишеноста на умот. Просветување, молк, самување со нашето јас, спојување со природата и театарот.

Зарем целата природа не е театар? Зарем целиот живот не е театар? Зарем нашето растење, нашето созревање кон новите чувства што не заплискуваат секој ден. Зарем тоа не е повикот за театарот? Мислите „роморат“, срцето отчукува и го слушаме само тој вечен од на времето што става рака над нас и сака да не запре. Не може ништо патот до вечноста да го задржи. Секое одење во театар за мене е празник на душата, нова средба со духот кој ме облагородува и ја скротува дивата и древна негова игра, ново искуство, патоказ на целта, сцената и гледачите нераскинлива врска, ги сонувам луѓето како во нивниот вистински настан.

Во тоа е филозофијата на животот и театарот кои не можат еден без друг но сепак колку и да ги гледам никогаш нема да ми биде доволно и ќе го доживувам и ќе го гледам со очи вперени кон театарот и неговата необична уметност. Кој еднаш ја погледнал никогаш не ја оставил својата визија кон него, така велат старите.

Истражувањата за пишување на историјата на македонскиот театар треба да се стави во свои рамки, за започне од почеток, од пред милениуми, а не од пред педесетина години. Така и ќе се согледа придонесот што го направил македонскиот театар за другите цивилизации.



*Бронзените играчи од Стоби*

## ГРАДОВИТЕ И ТЕАТРИТЕ

Останале заедничките прослави, здружени со уметноста и христијанството. На крај останаа нејасни прашања дали римјаните и евреите заеднички ја спроведоа апокалипсата во убиствата. Ако апостолите Христос и децата од Витлеем се Евреи зарем може Евреите да помагале, прогонувале и убивале свои? Ако римјаните стотици години гонеа, затвораа убиваа христијани, како тогаш дошле на позиции да раководат со католитчката црква од Рим? Кој беа христијаните од Библијата, кој народ беше жртвата? Можеби трагичните настани си уште поголеми, можеби молкот за вистината крие уште поголема вистина за нас Македонците. Камењата од градовите и театрите не се неми. Тие зборуваат за луѓето, за темите, за преживувањето, за житијата на светците. Цела Атина се стави во служба на Рим во борбата против Македонија во 168 г. и потоа најмногу беше урната самата таа.

Кога зборуваме за македонски древни театри не можеме да ги апстрахираме од македонските древни градови, кралеви и учени славни луѓе. Македонските куќи од секогаш биле култни места, поврзани со уметноста и уметничкото творештво на самата градба и околината. Околу плоштадите, театрите, стадионите, светилиштата се граделе куќите на царевите, племството, научниците и народот. Секоја куќа во себе ја содржи општата карактеристика на градот како космичка ориентација, прегледност, комуникација, сигурност. Архитектотот, Вангел Божиноски зборувајќи за неолитската

куќа во Македонија истакна дека по својата големина од стотина квадрати и функција, таа е иста со современата куќа во Македонија за живеење на една фамилија. Истакна дека населбите и градовите се реапоредуваат на иста оддалеченост. Околу престолнината во концентрични кругови се редат градови на оддалеченост од околу 35 до 40 километри колку што траел одот на фалангата за еден ден. Тие биле опкружени со помали населби на оддалеченост од 3-4 километри со ограничување на сињор меѓу нив на пол пат или вода за да може населението да ги обработува своите имоти. Населби како ѕвездено небо на земја. Сите тие населби со убаво изградени патишта, му обезбедувале на населението пеш за еден ден да стигне на прославите и да се весели една недела. Во театрите низ Македонија имало место за околу 30-40 илјади народ, или фаланга или заедно да ја одбележуваат Ксантика, победите, свадбите, плодородието, триумфите.

Не можеме да зборуваме за театрите ако претходно не зборуваме за градовите. Македонските градови веднаш се препознаваат по планот. Тоа е енергетско место со центар и предградија. До царските палати и плоштади се редат школи, светилишта, ротанди, колонади со статуи, библиотеки, стадиони и театри. Тој план го имаат сите Александрии во Македонската империја, во островите, крајбрежието на Егејот, по хоризонтала и Европа до Египет, преку Сицилија, во вертикала. Гледав стотици планови на градови и ги споредував со градовите и театрите од Македонија и тие распространети по светот. Во центар на моето интересирање, пред се беа театрите во секој град, а понекаде и по два.

Македонскиот древен театар во Сицилија, Дион, Пела и Вавилон како да ѕиркаат од самата земја. Театрите во




*Планот на Епидариум кој е скоро ист кај сите македонски градови и театри*

Стоби, Скупи, Епидариум и Лихнида се стрмни и седиштата како да го допираат небото со звукот што допира до последното седиште. Има многу сличности и меѓу градовите и меѓу театрите, но најмногу е слична содржината на музејските експонати во тие градови. Заедничко е тоа што сите статуи на Дионис, Аполон, Артемида, Тиха, Асклепио и децата, најчесто Хигиеа и Подајлерон и другите, се ископани околу театрите и светилиштата. Театарот и медицината се секогаш заедно. Асклепио и Дионис еден до друг. Заедничко е тоа што сите мозаици во базиликите си со иста содржина, раскошни. Истите, елени, пауни, цветови и ликови се преповторуваат насекаде. Во музеите на сите македонски древни градови сретнуваме златни обетки со лавја глава, за кои што археолозите кажуваат за некакво африканско или азиско влијание. По си изгледа обратно е. Не дошле тие народи во Македонија, туку Македонците по сите континенти со изградбата на театрите вршеле влијание низ нивната култура.

Моментално кај нас се знае за четири театри во функција: Стоби, Хераклеја, Скупи и Лихнида. Бројот на неоткриените никој не може ни да го претпостави. Некои археолошки ископини изобилуваат со предмети за најбогати градови со златни маски, оружје, монети, царски здели, садови. По стотина предмети се препродаваат од дивите копачи. Многу повеќе се изнесени од порано, илјадници фигури од теракота и бронза, од мермер и злато се преселуваат на други места. На пример бронзени играчи од Стоби мермерни плочи со Музи во игра со Дионис со маски се цврсти докази за постоењето на театри низ Македонија. Во Стибера не се откопува театарот иако се најдени мермери од седишта и други индиции во движен материјал, во постојано транспортирање. Неодамна намерно се открши главата на мер-



*Театарот во Лихнида - Охрид*



*Стоби*

мерна статуа и исчезна. Најпосле тоа и не е толку важно. Постојат споредбени методи како за накитот во гробницата на Филип II и Требениште. Како за мозаиците во Дион, Солун и Охрид. Како за сличноста на театрите и нивната функција низ Македонија. Заедничкото за сето тоа е голема царска династија што градела по исти планови и технологија како и стилот на македонски уметници што се придржувале до традициите, темите, симболите како печати за си што е македонско.

Ги разгледав сликите, плановите и театрите во една голема книга на германски од Карл Милер Верлог кој се обидува да припише на „Грчка земја“ си но, заборава и да нагласи дека се тоа македонски артефакти. Ќе се обидам да набројам некои градови со театри од Сицилија до Азија и Египет и музеите во тие градови што ја поседуваат содржината на македонското уметничко и театарско творештво.

**Лихнида** - сегашниот Охрид околу плочникот на Климентови храмови, болници, тврдини и театарот ги покажа најубавите мозаици во крстилницата, родоидата, палатите какви што се во Дион. Охрид и Стоби, Стибера, Лихнида и многу други места и нив да не сме ги донеле од Египет. Можеби и Требенишките гробници сме ги увезувале заедно со прослави на култови, цареви, цркви од вечноста. Има

златни маски и театарски маски и плоча од мермер под театарот во Охрид со натпис кој го градел и кога го градел како доказ зошто сите древни театри се исти, македонски.

**Дион** - град светилиште со македонски култови ни раскажува за животот на Архелај, Филип II, Александар и Римјаните. Тука се прославувала Ксантика во два театри. Тука се доведувала војската пред секоја битка како на причест. Тука и Александар славел седум дена со војската и народот пред да тргне на походот по светот. Таква слика ми е врежана во свеста од романот на Толстој - Војна и мир. Војска на причест пред громогласното молитвено благословување на свештеници и Кутузов на снегот со војската. Студот од руската зима е победата. Решеност и верба во судбината. Во Дион се откопани 16 градби типични за секој македонски град. Тоа се големи и мали терми, храм на Тиха, храм на Афродита, Вила на Дионис, со многу мозаици во вид на маски и ликови од митологијата, како и храм на Дионис, стадион, два театри и големи македонски гробници со богат погребен материјал, златен накит, убави круни и др.



*Театарот во Дион*

Во храмовите под Олимп во Дион се славеле боговите, музите и народот, тоа е нивна татковина. Затоа во музејот сретнуваме скулптура на Терпсихора со лира, Дионис и Асклепиеви варијанти со Подајлерон, Хигиеја и др. Скулптура на девојче со плетенка и лента на глава каква што noселе македонските цареви и принцези.

Во **Епидариум**, Месена, Микена се наоѓа истата богата содржина од македонските градби. Театарот во Епидаур е комплетен царски град со стратешко значење од Филип II кога се градени и театрите во Хераклеја, Стибера, Филипи и во Св. Врачи - Сандански. Во сите нив покрај театарот доминира Асклепиевото светилиште со плочи и скулптури на иста тема. Во Сандански ми ја покажаа плочата на заштитник на градот. Оддалеку ја видов мермерната плоча со комплетната Асклепиева фамилија и над нив во триаголник трите македонски сончеви божества: Аполон и Орфеј со лира и во средина Илион. Такви плочи и статуи ископувани се во повеќе места околу театрите. Тие сведочат за прославите и игрите поддржани и од Боговите.



*Театарот во Епидариум*

**Атина** има позајмено од Македонците театар и прослави за Дионис. Дионисискиот театар го изградиле Македонци во 330 година по ист урнек како и сите други македонски театри. Во Пела, Кутлеш, Бер, Воден, Миеза, Олинт, Додона, Ураниаполис, Олимпија насекаде во секој град театар и музеј со исти планови и исти содржини во градбите, скулптурите од теракота до мермерна изработка и накитот.

**Тесалоника** е името на ќерката на Филип II, по неа и градот се вика така, нашиот Солун, сега и Грците го наре-



*Дионис претставен како дете, од Дион*



*Дионис претставен како дете, од Стибера кај Прилеп*



*Статуа на Серапис - Музеј во Солун, иста како во Хераклеја*

кувaат македонски град каков што си бил од секогаш со многу сончеви симболи, олтари, ротонди. Во Солун има олтар на ќерките на Асклепио, мозаици статуа од Менади со Дионис, има музеј што претставува историја на македонската уметност. Голем дел од гробницата на Филип II и други наоди од Пела сместени се таму. Вотивни садови, кратери, круни, ѓердани, медаљони, пафти, слични како и од гробовите од Пела и Требениште. Статуата на Дионис како дете слична е на тоа 10 годишно дебелко и тажно дете извадено од храмот на Тиха во Стибера како герланди од Артемидија. Статуата на Серапис е иста како од Хераклеја. Маска ламби и стаклени шишенца како од гробот на девојчето од Скупи



*Герланди со маски и плетенки од винова лоза*

или од Охрид. Театарските и медицинските препарати се пронаоѓаат едно крај друго како потврда за сложената градба на македонските градови. Во Скопје, под театарот од Скупи откопан е гроб на хирург со многу хируршки и фармацевтски инструменти како оние во Епидариум или Охрид и Пергам. Во сите спомнати градови треба да одбележиме дека покрај си древната театарска уметност продолжила да се развива низ православните храмови со продолжена традиција на фрески, накит, везови, украси.

Си тоа што спомнавме за карактеристиките на древните театри можеме да го потврдиме и со театрите по отровите на Сицилија и земјите низ Азија. Насекаде се пронаоѓаат сличности на мозаици со ликот на Дионис со тирс како се бори или јава на лав. Афродита со еленот, Хермафродит Ерос со сите обележја од Стибера и Дион. Мозаик на четвороспрег. Статуи на Артемида со цветен венец на глава, нека-



*Театарот во Егеста*

де наречена Кибела, некаде Деметра. Споредувања треба да се вршат за толку широк регион тргнувајќи од Македонија каде изворно се создавале си што се градело и украсувало. Киклопските ѕидини не знаат ни како се градени ни како да се срушат, а околу нив однесени се златни кратери со Дионис, Аријадна, Афродита и др ликови. Ликови од Бер, Солун, Троја итн. Од Воден, од Стоби од Охрид сребрени ексајзи, чинии, чаши, шишиња од стакло и алабастер. Си тоа зборува за високиот стандард на Македонците што ги правеле театрите за да го осмислат и збогатат живеењето.



*Местоположба на театрите на Сицилија и Југот на Италија*

Островите по Егејот и Јадран исто така чуваат богата култура.

**Сицилија** од секогаш покажувала блискост со Македонија. Прво со населување на Тројанците и Етрурците кои го преселиле македонскиот ген во тие простори и од островите каде живееле и поминувале. Потоа, зачестеното засолнување на македонските филозофи во Тарент на Сицилија како цела Питагорејска Школа, Емпедокле, Ксенофон, Парменид, Зенон и др. Многу и други филозофи, научници, оратори и од Софистите патувале во Сицилија.Да се потсетиме на Архимед и Есхил и на сите театри таму што се изградени во Посејдониа, Акрагант, Егеста, Селеунт и др. Ако се спомнат сите градови со древни театри од тие места ќе



*Театарот во Сиракуза*

се види истата македонска опременост. Храмовите, ротондите, олтарите, гробниците, керамиката и бронзата од IV век на македонската династија се исти. Украсите на бронзата и рачките со ликови и лавји глави се исти како оние од гробницата на Филип II и скопските ископини. На црноцрвената керамика со насликани веселници околу Дионис во Посејдониеа е безброј повторувана тема на Богот на театарот од Македонија. Тоа што може да се види во Тарент, Кратон, Локри, Химера, Гела, Сиракуза се разликува од римските театри и други градби неколку векови подоцна. Јужниот дел на сегашна Италија се прави обид да се погрчи како и си што е македонско. Во тоа време, со тие луѓе, на тие места историјата со факти раскажува сосема нешто друго од прогоните на Сицилијанската мафија.

**Тасос** како македонски остров многу е близок со Амфипол и другите крајбрежни градови. Неговиот план потсету-

ва на Стибера со сите градби, со многу статуи на луѓе, стели, златни копчиња со 16 крако сонце и разновиден накит. Има статуа од Артемида на делфин и од Александар. Театарот е типичен македонски како и на сите други острови во Егејот.

Островот **Дел**, со импозантниот театар и со комплетни древни градби. На тоа место Лета ги роди близнаците Аполон и Артемида, со својата светлина да ја дадат бојата на Белото-Егејското Море.



*Театарот во Дел*

Дури и белината на колона лавици што рикаат, ја потврдува божествената исклучителност на обликуваните мермери да блештат на сончевата светлина како и самиот Аполон, бел, светол, сончев и бог и симбол на Македонците.

Високите столбови ги обиколуваат мозаиците со тема на Дионисиските игри и на сирените. Музеј под небо под стража на статуи лавови.

**Сам**, секогаш бил сам а го посакувале сите. Од овој остров потекнуваат многу филозофи и божества. Има храмови на Аполон и Артемида, Хера, Хермес. Женските статуи имаат иста облека во ситни набори со македонски теми, затоа ли набрзина го убија Фидие во Атина од како во злато ја облече Богинката Атина, Анта.

**Крф** или Керкира како остров изобилува со митолошките богови, творби и градби слична на тие од Кикладите.

**Крит** со специфичност на Кнос и Фест. Палати, керамика, скулптури, мозаици, игри преку роговите на бикот што стигна до Месопотамија на крилја и Европа до Теба, родната на Дионис, тетка, како сестра на Кадмо. Толку е си поврзано дури исто. Коринт и Цариград превлакти и врски на земја, острови и мориња, Во Коринт Филип II правно ги покори град дражавичките. Во Цариград преку понтонски мост Александар ги пренесе војските, македонската култура и сите драми на народите. Театрите, стадионите, плоштадите од другата страна на морињата останаа до денес да сведочат на големината и успесите на македонскиот народ.

Тој народ ја создаваше историјата и ја пишуваше Библијата. Насекаде каде што штрчат столбови ги подигала рака на Македонец. Нема остров, нема град каде што стапнала македонска нога да не оставила седишта во театар. Скали, издигање, подредување на луѓето едно до друго под сонце и во најсилниот сончев сјај. Кога застанав во центар от на сцената и погледнав нагоре ги гледав моите мисли како лебдат и паѓаат врз луѓето на нивната свест, како сноп зраци. Моите книги, за моите луѓе, за Македонците, да го видиме заедно тоа што го гледам јас. Светот и животот најголема сцена за театар на отворено и скали во одеонот, во стадионот, во термите во сите олтари. Треба да се поткачуваме кога се загледуваме во минатото, кога ги поврзуваме сите поединости во една целина, во македонската историја.

Ќе поминеме од другата страна на морињата, по патот на фалангата, обележана со театрите. Ќе ги спомнеме најубавите, најголемите трезори на тоа што го чуваат македонските градби. Театрите како музеи под отворено небо во Пергам, Ефес, Афродизија, Приена, Анталија, Диар Бекир...

На една туристичка карта само во Турција беа одбележани 49 музеи. Таму лежи македонското археолошко богатство. Многу од познатите места со театри не беа одбележани како знаменитост. Сепак во Турција денеска најдобро се сочувани градбите. Таму создаваше уметност Македонецот.



*Театарот во Пергам*

**Пергам** како нова престолнина на Александровите наследници Селевки и Антиохи стана нов центар на македонската култура по Александрија. Во Пергам, како град со голема Асклепијада, ги школувал медицинските кадри и во Римско време. Располагале со голема библиотека, слична на Александриската. Во време на градењето на Александриите Аристотеловите списи биле оставани во секој град затоа плановите ни ги истакнуваат библиотеките покрај театрите. Театарот во Пергам и денеска игра голема улога како царски театар од македонските династии.



*Театарот во Ефес*

**Ефес** се прославил со најголемиот и најубав храм на Артемида кој што изгорел на денот на раѓањето на Александар, затоа бил обновен со уште поголема убавина. Царските архитекти и скулптури го украсиле со сите македонски симболи, видни и по градбите и по содржината во музеите. Централно место му е дадено на големиот театар и веднаш до него наредени театар, Гимназиум, стадион, библиотека, терми и си друго што го има во сите такви градови од тоа време и подоцна, од времето на Хадријан и Трајан. Три Гимназиуми, два театри и други градби во својата монументалност не се романизирани, освен адаптациите на Хадријановите гробишта. Има многу скулпутри особено на Артемида во варијанти на богинка на плодноста и ловот. На една бронза Артемида на делфин, скулптура со Посејдон, Херакле, Дионис скулптура и фризови со лоза, грозје и цветови што ги држат мали ероси а меѓу нив маски. Се во знак на големиот театар. Мермерни глави на Сократ, Зевс, Марко Аврелие и др. Во Ефес на

плоча може да се види отисок на стапало, исти графити и во Дион. Големиот театар, големата библиотека, Артемида и куќата на Св. Богородица и низа други знаменитости ја прават славата на Ефес. Да не го изоставиме филозофот Хераклит од Ефес.

**Афродизиан** градот на Афродита богато е украсен со секаква убавина, како богинката на убавината се сама да правела. Неколку театри, сочуван стадион, ѕидот архива во театарот, нимфеум, музеум, комплекс на школа за филозофи, со скулптури и со натпис „Филозоф или поет што седи" а го има во многу ископини како и во Дион. Театарскиот карактер на овој уметнички град се одликува со еден фриз на герланди или венци со маски какви што ги има и во другите градови во помали фрагменти. Има убава мермерна глава на Дионис и еден саркофаг со музите наредени со маска, лира итн. Сочувани се многу цели статуи што ги украсувале театрите, бањите и другите градби, меѓу нив е најубава една на Нике. Иста Нике е извадена



*Театарот во Афродизијан*



Филозоф што седи

од морето кај островот Сам. Статуа со маска го красела театарот. Музата Мелпомена и многу други украси на фризовите и фигурите се со тема од Ахил, Амазонките, римски императори до еден портрет на Константин како принц, во убави бои.

**Анталија** град во мал залив наспроти Александрија. Клеопатра доаѓала на одмор и забави со царската галија (лаѓа), затоа има толку театри и терми, богато украсени со орнаметника и многубројни статуи собрани во музеите. Столбови од музејот градба за Аполон од која здивот запира. Театарот е многу сочуван и ограден во сите делови и градбите зад сцената го оформуваат кругот како сонце. Царски гробници и тврдини што се спуштаат в море. Од сите страни помали царски населби како викендички. Тоа е **Аспендо** со уште поубав театар и **Тир** (Каликија) местото каде што Клеопатра се



Театарот во Аспендо

сретна со Антонио и кога морето замириса на цветови, кога Македонците од придружбата ги истурија разните шишенца со пријатна арома. Затоа толку стаклени шишиња, епрувети и слични садови по музеите, за шминка, за нега, за билки и лекови. Ако нив ги правела и употребувала Неолитката од Македонија зошто да не ги употреби и светски познатата македонска царица. Прославите, триумфите што ги правела Клеопатра ги правеле сите македонски цареви во театрите. Затоа колку има градови толку има и театри.

**Александрија** градот на Александар со план како наметка се разликува од другите градови што имаат план што завршува како клун на голема птица. Исто така, има два вида театри со изразита тркалезна форма и други многу стрмни, сите богато украсени во и околу сцената, самите столбови и рабовите на окружувањата. Ако 30 илјади луѓе доаѓаат во театарот го чувствуваат како храм, духовно чистилиште, затоа и термите (бањи), стадионите, Асклепијадите, салите ги добиле истите украси со многу скулптури и моазици.



*Театарот во Вавилон*




*На овој дел од карта со црно подвлекување се означени Македонските Александрии, блиску сместени една до друга по светот. Во секој град славеле Македонците. Колку што има Александрии толку има и театри во нив. Градовите Кабул, Карачи, Самарканд, Букефал, Никеја... го кријат во себе името на Александар Македонски.*

Видов една арапска карта на која беа со коцки назначени сите места каде што Александар градел Александрии. Скоро на сите места се денешните главни градови на многу азиски држави. Чудно е зошто за најголемиот настан во човечката историја не се направи истражување за сите патишта и градби што ги направиле Македонците, по земја каде што уште се видни остатоците.

**Александрии** и во нив театри има во Авганистан, Русија, Самарканд, Бахтрија, Пенџаб, Индија, тогашна Персија, потоа македонско царство и сегашните арапски држави, Сирија, Иран, Ирак до Ерменија. Сите монографии што се прават во Турција почнуваат со прилози од Месопотамија и Хетитите и потоа се редат слики на македонските театри, мозаици, скулптури и преполните музеи нарекувајќи ги јонски и ако тогаш имало само една држава - Македонија, што вдлабила темели на светската цивилизација со македонскиот начин на живеење, градење и славење.

Сите градови и сите театри со палатите и храмовите биле ограбени и разурнати во исто време, во III и IV в. Гледав слики на положбата на глави од скулптури при ископувањата во Стибера, Дион, Пергам и сите се турнати и кршени на ист начин. И керамиката и столбовите така со ред се туркани. Останува прашање чија е таа гневна тупаница? Не дошле „словени“ од Карпатите во Македонија, туку обратно, отишле Македонците да им остават писмо и храмови. Како може човекот да се шета по космосот, да праќа сателити и сонди низ галаксијата, а да не сврти окулар кон древноста на Македонија. Има многу рафинирани методи за одредување на местото и драмите на народите во светот. Театарот е од Македонија. Сврзувачкото ткиво не се само театрите.

Надарените луѓе од Македонија н овековечиле со своите скулптури на исти богови, музи, садови, украси. Нике во Олимпија. Нике во Сам, Нике во Афродизиум, Стоби. Аполон и Дионис со свои светилишта насекаде. Мозаиците насекаде по Александриите. Медузите во Сиракуза, во Требеништа кај Охрид, Крит. Во врска со театрите се и драмските писатели, народното творештво, обичаите и канон за јавните настапи и домашните традиции во празнувањата. Ритуалите за свадби, погреби, натпревари во спорт и уметност останале исти како и песните, ората носиите. Несфатлива енергија за творештво. Тоа е Македонија. Дарба да се преточи животот во драма и од драмите поуки за живеење и надживување. На тоа се должи развиеноста на македонските древни театри.

Театарот ни го прават седиштата, сцената, светиот пат поплочен како грб на питон, хорот, глумците, маските, драмите и комедиите, статуите, столбовите како со тантела изработени капители, украсите, изведбата со древни ритуали и најважно учеството на народот дојден во заедничко доживување на највозвишени чувства, да гледаат и слушаат оди, химни, пеани ора во присуство на фалангата и царот. Тоа е заедничкото на сите македонски театри од Шпанија, до Индија. Иста е намената и на другите градби што се спомнуваат во плановите на градовите како што се олтари, храмови, терми, колонади, базилики, киклопски ѕидани со силно камење по археолошките ископини и музеи.

## ПОПИС НА ГРАДОВИ СО ТЕАТРИ

Имам стотина слики на театрите по светот што ги граделе Македонци. Да наброиме некои почнувајќи од

Стоби,
Хераклеја,
Лихнида,
Стибера,
Скупи,
Солун,
Пела,
Бер,
Воден,
Миеза (Левкада)
Еге,
Дион,

Олинт,
Метона,
Амфипол,
Кавала (Неапол),
Кожани,
Пула,
Петра,
Атина,
Микена,
Каринт,
Епидариум,
Месена,

Олимпија,
Делфи,
Додона.

Од островите:

Крит,
Дел,
Пар,
Сам,
Крф,
Сиракуза.

На самото стапало на чизмата од Италија и островот начичкани се 14 градови со тие сродни меѓу себе градби. Најубави се театрите во Егеста, Селеунт, Тирент, Посејдониа и на западната страна на Егејот во Пергам, Приена, Селеунт, Ефес, Тар, Аспендо, Анталија, Афродизија, Дијар Бекир, Вавилон, Цариград, Кабул, Александрија. Во овие педесетина градови со театри за кои што имам документација треба да се додадат сите градови, Александрии низ Азија, како и градовите по врвовите на Кавказ објавени во рускиот часопис „Росија“. Не знаеле чии се. Се знае кој градел во IV в. пр. Хр. Се знае дека си почнува од Македонија и се шири како сончеви зраци насекаде. Симболите, стилот,

намената сопреле некој означувања врз македонските древни театри и како факел ни го осветлуваат нашето, македонското минато и иднина.



*Филип II*

*Рецензија*

## ПРИЛОГ КОН ДЕМЕМОРИРАЊЕТО

Во најновава книга, Ангелина Маркус продолжува, во свој стил, да го насочува вниманието на читателот кон еден битен сегмент од македонската древнина - она што денес едноставно го нарекуваме со зборот театар. Во петте книги за Александар ( од авторите Аријан, Квинт Куртиј Руф, Плутарх, Диодор и Јустин) на повеќе места се говори за тоа дека древните Македонци ја негувале театарската уметност и си што е блиску до неа. Аријан, на пример, пишува дека Александар Македонски, откако го задушил хеленското востание против него во Теба, т. е. откако го срамнил градот до темели, убил 6.000 востанати и продал во ропство 30.000 лица, „се врати во Македонија; таму му принесе жртва на Ѕевс Олимписки (што беше правило од времето на Архелај) и во Ајга одржа Олимписки игри; некои пак велат дека игрите ги одржал во чест на Музите“. Изворите сведочат и дека пред да тргне во поход на Исток, Александар одржал деветдневни свечености во македонското светилиште во Дион, југоисточно од Солун, за секоја Муза по еден ден. По секоја победа, Македонците приредувале свеченост со натпреварувачки дух во повеќе културни и спортски дисциплини, при што царот делел награди. Кога пред крајот на походот Александар ги вратил дома, во Македонија, ветераните, неподобни за воена служба, наредил тие „на сите игри и театарски претстави да седат во првиот ред со венци на

главата“ (Плутарх, Ал.,71). Од овој податок може да се извлече заклучокот дека во Македонија имало безброј театри и сцени. Вратените ветерани биле неколку илјади и, разбирливо, сите тие не можеле да седат во првиот ред на само еден или на неколку театри, туку на стотици или, можеби, на илјадници.

Самиот Александар бил голем љубител на поезијата и на музиката. Тој имал посебен учител по музика и бил како ретко некој музикален, судејќи според оценката на татко му Филип. „Зарем не ти е срам што толку убаво свириш!“ - го прекорил Филип својот син во момчешките години. Филип го подготвувал синот за цар, а овој минувал многу време свирејќи на инструмент што сега се преведува со поимот китара, макар што на други места се среќаваат и кавал, флејта, лира и др. Тој по природа ја сакал науката и бил љубопитен. Сметајќи дека Илијадата ги поттикнува воените доблести, Александар зел примерок од неа подготвен од Аристотел (тој го нарекувале „од ковчежето“), кој, според Онесикрит, секогаш го држел под перница со камата. Немајќи книги во длабочината на Азија, Александар му заповедал на Харпал да му испрати. Харпал му ги испратил составите на Филист, редица трагедии од Еврипид, Софокле и Есхил, дитирамби од Телест и Филоксен, а го почитувал Анаксарха и го наградил Ксенократа. Од ова се гледа неговиот читателски вкус. Интересно е што Александар имал и свој протокол при големите свечености, што се гледа од следниов пример: „ ... даде сенародна гозба, на која седеше и самиот, а околу него сите Македонци, па до нив Персијците и до нив сите други народи, што имаа некоја заслуга, или заради некоја друга доблест, па тој и неговите другари пиеја од истата

чаша и ги полеваа истите свети течности“ (Аријан, кн.7, 11). Претходно, по колективната свадба меѓу Македонци и Персијки и Мадијки од благородничка класа, „Александар исто така заповеда да се запишат имињата на сите Македонци, што се ожениле за Азијки. Се покажа дека беа повеќе од десет илјади и Александар на сите им даде свадбени дарови“ (Аријан, кн.7, 4). Во двата цитата не се споменуваат Хелени, освен при првото каде што имало „грчки пророци и индиски Маги“, што е нешто сосема друго.

Навраќајќи се во историцизам, можеби некој ќе се сети да ги прочита саканите автори на Александар и да даде македонски поглед, компарирајќи со древни изданија сегменти што даваат сомнеж за автентичноста на до нас стигнатиот текст. Зашто, до нас стигнуваат текстови, на пример, дека Александар приредил колективна свадба за Македонците и божем за Грците!?

Авторот Ангелина Маркус, всушност, предупредува дека има и друг поглед на она што е во генеричката меморија на мноштвото возрасни кај нас, но и вон од Македонија, иако не е децидна со зборовна сублимирана оценка. Тоа произлегува од целината на нејзините пишувања. Според Сергеј Вербин, луѓето од умствениот труд, постојано исползувајќи го својот мозок, ги тренираат сите видови меморија. Тој посочува четири вида меморија кај човекот: Оперативна (кратковремена), Меѓупросторна (меѓувремена), „сврзана со подсознанието, а тоа се јавува како мост кон сознанието - огромна област на мозокот, што го определува нивото на сето наше мислење“ и Генетичка меморија која се формира во текот на првите 20 години, во периодот на формирањето на личноста. Овој вид на меморија е најтешко да се коре-

гира. (Ако мајката им кажала нешто на ќерката или на синот, или исто така учителката, потоа е бесполезно нешто да им се објаснува или да се преубедуваат). Кај нас проблемите во врска со нашето минато произлегуваат главно од генетичката меморија (генетичкото паметење) на она што ни учеле. За да биде поубедителен, Вербин го наведува примерот за капларот: „Јас реков дека јазовецот е птица, значи птица е. Кој не се согласува - чекор напред и во строј за работа!“. Таа формула може да се вгнезди во гените засекогаш. Но, на човека често му е поугодно нешто да заборави, ослободувајќи се од тешкото не(пре)совладливо.

Тивкиот апел што ни го испраќа Ангелина Маркус во своите седум и во оваа осма книга е да се ослободиме од генетичката меморија за погрешната вистина и самите да си изградиме своја за непознатото и непоимливото со нејзина и со помош од други. За жал тој вид на проблем е уште поголем кај нашите јужни соседи кои читаат свои фалш книги од основањето на Кралството на Грците во 1832 година, преку деномираното Кралство на Елините во 1862 година, до денешна Република Грција, седма по ред проширена држава на зелена маса, според нивна енциклопедија. Првата во 1832 година беше на просторот од кој Перикле повика Хелени во Атина (Пелопонез и неколку десетици километри на север од тогашниот полуостров). Шест пати ја прошируваа и својата историја, особено по 1913 година за да докажат божемно историско право врз нивната поробителка во античко време, Македонија (од 336 до 148 г.пр.н.е.).

Постојат одредници (коти или репери) од македонското минато кое не смее да се испушта од вид. Западот, од свои причини и интереси главно поради глобалниот судир

со Русија (и СССР), медитеранската античка култура и сето цивилизациско наследство го подели на римско и наспроти него таканаречено грчко. Одредницата „грчко“ е ставена прво за да се разликува од римското. Со време е прифатено дека „јазовецот е птица“.

Што имало во Аристотеловата Илијада на Хомер „од ковчежето“, што ја чувал Александар под перница? Неговиот предок Ахил бил од Македонија или, како што буквално стои во Илијадата, од околината на Аксиј, тогашното име на Вардар. А Аксиј е, нели, во Македонија. Оттука и дилемата на јунакот дали да умре млад и славен или стар и заборавен. Зашто, дилемата е дали да се бори против своите или не. На страната на староседелците кај Троја (1190 - 1183 г.пр.н.е.) во борбата против дојденците Данајци се бореле пет македонски племиња: Елимијци, Ематијци, Пиеријци, Пеонци и Пелагонци, подоцнежното јадро на Филиповата унија на кралства и кнежества, Македонија. Тоа е важна маркирна точка во истражувањето на македонската древнина. Јустин соопштува дека старото име на Македонија било Ематија, а населението Пелазги. Херодот во петтиот век пред нашата ера известува дека Атињаните станале силни откако почнале да се мешаат со Пелазгите, чиј јазик си уште се говорел во негово време. Херодот тврди дека најстар народ на светот, според примерот на двете деца кај овчар и нивниот прв изговорен збор, биле Фригите, а Фриги се Бригите од Македонија кои се преселиле во Мала Азија, чиј јазик е предмет на компаративна анализа. Митовите кои им се припишуваат на Грците се од времето на матријархатот и преминот во патријархат кога немало „Грци“, па затоа е неопходно нивно темелно анализирање не според грчки вер-

зии и избор на сегменти со префикси наменети на актуелни политички потреби. Во тие рамки спаѓаат и мистериите, еден вид театарски претстави. На пример, Филип Македонски се запознал и зел со Олимпија, чие прво име било Митрала, на мистериите во Самотраки, кое, како податок, е врзувачки елемент за пошироко компарирање.

Неспорно е дека Перикlевиот хеленски простор или изворната „Грција“ била под македонско владеење (во изворите: ропство, јарем, тиранство итн.), врз македонски закони, од 338 до 197 и условно потоа до 168, односно 148 година пр.н.е. и дека Хелените дигале бројни востанија, вклучувајќи го последното, Ахајското, на страната на Римјаните, против Македонците, а претходно Ајтолското. По битката кај Киноскефале, македонскиот крал Филип Петти бил принуден да им даде „слобода“ на Грците, но условно. Следствено на таа состојба треба да се гледаат последичните нешта, вклучувајќи ги културните, архитектурните, уметничките и другите творештва во македонската епоха на Хелените.

Точно е дека Атињаните имале театри, но еден податок говори дека се урнал дрвен театар, што значи и другите биле такви. Хеленските полиси, град-држави, како општините сега, не биле во можност да инвестираат во големи и скапи градби. Тоа можела само империја, каква што била Македонската, особено по заграбувањето на персиското злато. Големите (амфи)театри во и надвор од Македонија, судејќи според писмото на најдените натписи во нив, се македонски градби или објекти градени во времето на или по Александар. Французинот Франсоа Шаму во Историјата на човештвото пишува дека Александар го вовел унцијалното писмо (главно како повеќето големи букви од сегашната

македонска азбука) како официјално на целата своја империја и дека добрите познавачи на писмото го препознаваат пишувачот во неговата активност од 10 години. Тоа значи дека таму каде што се најдени унцијални букви може со сигурност да се утврди датирањето и градителот. Со такви букви е натписот во Марвинци или, ако се враќаме наназад пред Александар, на плочата од Требениште од 6-5 век пр. н. е. на која пишува „Аминта Александроу хаире“ каде што само „и“ е „латинично“ (значи, во Македонија тоа писмо било во употреба многу порано, што е можна причина Александар да го официјализира на целата светска империја, според неговата филозофија сите народи да живеат во една држава и да се управуваат со исти закони, па според тоа и филолошките). Текстот уште асоцијативно наведува на помисла дали т.н. турцизми во македонскиот јазик се навистина тоа (хаире, аир) или станува збор за македонизми во турскиот јазик. Одисеј Белчевски, битолчанец од Торонто, ги истражува македонизмите во „старогрчкиот“ и во латинскиот јазик и тврди дека има стотици примери како доказ врз основа на етимологијата на сегашните македонски говори наспроти грчкиот и јазиците произлезени од латинскиот. Тој, имено, ги анализира Илијадата и Одисејата според оние примероци (од кожа и папирус) кои ги користел Германецот Пасоф во првите децении на 19 век кога си уште имале лигатура и дигама, наспроти подоцнежните хартиени изданија со кои се служат современите преведувачи, односно преведувачи од преведен превод. Белчевски смета дека околу 3.000 зборови во Илијадата и Одисејата се македонски и наведува на потребата од сериозен пристап кон лингистичкото компарирање на јазикот коине кои некои го сметаат за еден

вид есперанто за тоа време, а други како „грчки дијалект“ покрај дорскиот и јонскиот.

Постојано лебди и прашањето што се случувало со Македонците по поразот на кралот Персеј во 168 год. пр. н. е. кај Пидна? Македонците главно си останале таму каде што биле, освен 150.000 одведени во ропство, со индиции дека се населени во денешни Баскија и Ирска. Наредната година, 167-та, во Амфипол било свикано собрание на кое биле повикани претставници на македонските градови. На тоа собрание римскиот конзул Павле Емилиј го соопштил решението на римскиот сенат, според кој: „Пред си, Македонците ќе бидат слободни, ќе имаат исти градови и територии како и порано, ќе ги ползуваат своите закони и секоја година ќе ги избираат своите магистрати. Данокот што ќе го плаќаат за римскиот народ ќе изнесува половина од она што го плаќале на кралевите“. Павле Емилиј, според запишаното од Тит Ливиј, соопштил уште дека Македонија ќе биде поделена на четири дела, т. е. области. Била забранета трговијата помеѓу одделните (четири) области, експлоатацијата на златните и сребрените рудници, сечењето на дрвен материјал за кораби, како и склучувањето на бракови надвор од територијата на која се живеело. Според тоа, Македонците биле принудени да останат тука каде што биле и да не смеат да излегуваат од своите територии што се подразбира од забраната на женидба со соседна област, т. е. им било забрането да се дружат за да не го загрозат Рим. Сепак, Рим добил и четврта македонско-римска војна што траела 20 години под водство на „синот на Персеј“, Андриско, наречен Лажниот Филип, со минимизирање на војната во востание. Веројатно тој страв од Македонците го натерало Рим за рестрик-

тивни мерки на „слободатав со забрана не само на движење, туку и на носење оружје, истакнување на благородничките симболи, јавно истакнување на потеклото со натписи врз гроб и слично (третман на робови, склав, слов). Индикативно е тврдењето на Јован Ефески од 581 година во неговата „Црковна историја", која нашите историчари наголемо ја цитираат  како доказ за доселувањето на Словените во делот:"...изврши напад проклетиот народ на Словените.Тие секавично ја поминаа цела Елада, областа на Тесалоники и цела Тракија и потчинија многу градови и тврдини". Овде недостига еден логичен податок: ја нема Македонија, преку која би морале да минат(!?). Но, Јован од далечниот Ефес, пишува: „Се збогатија: имаат злато и сребро, стада коњи и многу оружје и се научија да војуваат подобро и од Ромеите. Тие груби луѓе што не смееја да се појават надвор од густите шуми и од заштитените со дрва (места) и не знаеја какво е тоа оружје, освен две или три лонхиди, т. е. куси копја за фрлање". Овој битен цитат се пренебрегнува. Меѓутоа, авторот Јован Ефески живеел по императорот Јустинијан Први од Таор/Бадер крај Скопје. Неговиот 30 години учител Богомил соопштува кој бил Јустинијан: Името на неговиот јазик му било Вправда (Управда), татко му се викал Исток, мајка му Бигленица, сестра му Лада, братучедот Божидар... Друг извор соопштува дека Јустинијан го поселанчил дворот, ги собрал на него своите и го вовел нивното обичајно право. Никој Македонец не го истражил ова, а логиката тера на помисла дека ги ослободил своите Македонци кои не можеле туку-така да се збогатат во 581 година. Јустинијан владеел од 527 до 565 година.

Како можел Јустинијан да стане император? Западното римско царство останало Република Романа во која можел да биде сенатор и коњот на Калигула и затоа пропаднала. Источното римско царство (Ромеија, подоцна, во 19. век наречена Византија) било прифатено општественото уредување на Македонија во античко време во кое имало еден вид конкурс или апликација за способности  при избор на функција и затоа Ромеија опстоила уште 1.000 години по пропаста на Рим. Токму во таа Византија владееле неколку династии кои тогаш се сметани македонски.

Македонија е стратегиска цел на турските навлегувања на Балканот. Целта е да се загосподари со татковината на Искендер (Александар Македонски), без кое Отоманската империја не би била голема и моќна. Битката на Марица за завладување со Македонија е во 1371 година, а главниот град на Византија, Константинопол (Визант, Цариград, Истанбул) е освоен дури 82 години подоцна, а Белград во 1510 година. И Отоманската империја го прифатила Александровото општествено уредување, врз основа на кое е вршен избор на владетели „по конкурс на способности“ при што се истакнале и Македонци кои станале султани. Најбитно е следново: Отоманската империја била религиозна држава што се управувала според Куранот. Во Куранот пишува дека во исламот се влегува на три начини: со раѓање, со брак и со доброволно пристапување. Муслиман може да убие друг Муслиман во името на Алах (да стори добро дело, да оди во рајот) во три случаи: Ако Муслиман убие друг Муслиман без никаква причина, ако Муслиман ја напушти верата (што се практикува во дел од исламското население и денес) и ако Мулиман натера човек од друга религија соси-

ла да влезе во Исламот. Значи, отпаѓаат наметнатите прашања од типот „којзнае со кого спиела мојата пра-пра-прабаба“ и слично, преку кои се фрла сомнеж кои сме. Македонците си живееле во сопствени средини и си ги одржувале традициите, верата, обичаите, културата, фолклорот, музиката, уметноста ... Начелно, еднаш годишно доаѓале даночниците да соберат данок од 10 отсто. Војската си живеела во касарни главно во градови. Впрочем, никогаш војска не станала народ, ниту смеела да ги крши граѓанските закони. На пример, во касарната „Маршал Тито“ (сегашна „Илинден“) во Скопје имаше 5.000 - 7.000 војници. Правеа ли тие сексуален ‘ршум? Декаденцијата настапи по поделбата на Македонија во 1913 година, а дури во социјализмот се растурија селските средини и почна мешањето.

Вакви размисли можат да се вградат за секој сегмент од животот од давнина до денес. Ангелина Маркус зачнува уште еден сегмент-театарот. Меѓутоа, за да се сфати суштината на нејзината пишувачка намера, треба да се расчисти со наследената генеричка меморија. Тоа е најтешко кај највозрасните и кај „научените“. Латинска изрека е: Полошо од незнаењето е само погрешното знаење. Камо таа среќа да се најдат ентузијасти и стручњаци што ќе го анализираат дел по дел на понудениот сегмент за македонската древнина во оваа и во претходните книги на Ангелина Маркус.

20.07.2005 ***Спасе Шуплиновски***

*ЛИТЕРАТУРА*


Аристотел - *Поетика*

Хомер - *Илијада и Одисеја*

М. Ѓуриќ - *Историја на елинската уметност*

Микулчиќ - *Скопје*

Кенан Ерил - *Афродизиос*

Издание на Февак - *Ефес*

С. Освалд - *Грчка и Римска митологија*

Јоанис Т. Геоглоу - *Македонски музеи*

Карл Милер Верлог - *Грчка култура*

У. Вилкен - *Александар Македонски*

Кина - *Археолошки ископини*

Д. Шантиќ - *Јапан*

А. Маркус - *Македонски древни вредности*

Маркус-Поповски - *Филип II Македонецот*

Костурски-Поповски - *Александар Македонски-Македонизам*

Ристо Поповски - *стави на располагање многу книги од својата богата архива како и CD-а и фотографии кои се користеа за илустрирање на книгата.*

Д-р Жан Митрев - *CD-а*

## БЕЛЕШКА ЗА АВТОРОТ



### Ангелина Маркус (Шуплиновска),

Професор по филозофија во пензија, родена е во с. Тополчани крај Прилеп. Работниот век го поминала како професор по филозофија. По пензионирањето во 1990 почнуваат нејзините поинтензивни истражувања за древните вредности на Македонија. Настапува на повеќе трибини низ градовите ширум Македонија а често се појавува со свои осврти во македонските пишувани и електронски медиуми. Пишува рецензии, промовира книги и објавува статии со истата тематика во македонскиот печат.

Ги има објавено книгите:

- По трагите на Славните Македонци - 1998 г.;
- Македонски древни вредности - 2001 г.;
- Македонски древни вредности II - 2003 г.;
- Поеми за Македонските цареви - 2003 г.;
- Македонија на Македонците - 2004 г.;
- Филип II Македонецот - 2005 г.(заедно со Ристо Поповски)
- Македонска древна медицина - 2005 г.;

## СОДРЖИНА


**ПОЧЕТОК НА ДРЕВНИ ИГРИ И ПРОСЛАВИ** ....................... 7

Музите од Олимп, од Македонија ....................... 7

Ксантика - култно празнување ....................... 16

Неолитки со древно украсување ....................... 18

Дионис - богот на виното и театарот ....................... 21

Македонски драмски патешествија ....................... 25

Аристотел - прва естетика ....................... 27

Драмски писатели од Хомер до Еврипид ....................... 30

**ПЛОШТАДИТЕ И ТЕАТРИТЕ** ....................... 35

Христијанството во театрите ....................... 36

**МАКЕДОНСКИТЕ ТЕАТРИ ВО ДРЕВНОСТА** ....................... 41

Култот на сонцето ....................... 44

Мистериите со театарска содржина ....................... 46

Маските и глумците ....................... 58

УБАВИНА ....................... 64

**ГРАДОВИТЕ И ТЕАТРИТЕ** ....................... 67

**ПОПИС НА ГРАДОВИ СО ТЕАТРИ** ....................... 89

**ПРИЛОГ КОН ДЕМЕМОРИРАЊЕТО (Рецензија)** ....................... 91

Литература ....................... 102

Белешка за авторот ....................... 103




КАРДИОХИРУРГИЈА ФИЛИП II

*Легенда за кориците:*

На насловната страница се прикажани маски со ликот на Дионис

На задната корица се прикажани редоследно:
- горе во левиот агол - театарот во Охрид,
- на средина во десниот агол - театарот во ПДодона и
- доле во левиот агол патот со столбови во Стоби